Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

EUROPEAN UNION

RURAL REVIVAL

ПРОЕКТ:
Зголемување на конкурентноста на регионалниот туризам преку поддршка на развојот на руралниот и културниот туризам во прекуграничниот регион на Бугарија и Македонија

РУРАЛНА ПРЕРОДБА

# МАРКЕТИНГ СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА И БЛАГОЕВГРАДСКАТА ОБЛАСТ ОД БУГАРИЈА

EUROPEAN UNION

Проектот е кофинансиран од ЕУ преку Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија - Македонија

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД ........................................................................................................ 5**

**1. ПРОФИЛ НА РЕГИОНИТЕ ........................................................................ 7**

1.1 ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................7

1.1.1 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА НАЦИОНАЛНО НИВО.....................................................................................................8

1.1.2 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА РЕГИОНАЛНО НИВО.....................................................................................................12

1.1.3 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА ЛОКАЛНО НИВО .........................................................................................................15

Општина Богданци ..........................................................................15

Општина Босилово ..........................................................................17

Општина Дојран................................................................................18

Општина Гевгелија...........................................................................20

Општина Конче .................................................................................23

Општина Ново Село ........................................................................24

Општина Радовиш ...........................................................................26

Општина Струмица ..........................................................................29

Општина Валандово.........................................................................32

Општина Василево ...........................................................................34

1.1.4 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ..........................................................38

1.2 БЛАГОЕВГРАДСКА ОБЛАСТ ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА..........................45

1.2.1 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА НАЦИОНАЛНО НИВО.....................................................................................................46

1.2.2 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА РЕГИОНАЛНО НИВО.....................................................................................................48

1.2.3 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА ЛОКАЛНО НИВО .........................................................................................................48

Општина Банско ..............................................................................48

Општина Белица ..............................................................................51

Општина Горна Џумаја (Благоевград) ........................................54

Општина Неврокоп (Гоце Делчев) ................................................56

Општина Грмен ....................................................................................59
Општина Кресна ..................................................................................61
Општина Петрич ..................................................................................62
Општина Мехомија (Разлог) .................................................................65
Општина Свети Врач (Сандански) ..........................................................67
Општина Сатовча ..................................................................................69
Општина Симитли .................................................................................71
Општина Струмјани ...............................................................................73
Општина Хаџидимово ...........................................................................76
Општина Јакоруда .................................................................................77
1.2.4 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ .................................................................79

**2. АНАЛИЗА И ТРЕНДОВИ НА ПАЗАРОТ ........................................................ 82**
2.1 ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ......................82
2.1.1 СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ И ОБЈЕКТИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ....................................................................................................82
2.1.2 ТРЕНДОВИ ВО СЕКТОРОТ ТУРИЗАМ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ....................................................................................................85
2.2 БЛАГОЕВГРАДСКАТА ОБЛАСТ ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА .....................86
2.2.1 СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ И ОБЈЕКТИ ВО БЛАГОЕВГРАДСКАТА ОБЛАСТ ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА ..........................................................87
2.2.2 ТРЕНДОВИ ВО СЕКТОРОТ ТУРИЗАМ ВО БЛАГОЕВГРАДСКАТА ОБЛАСТ ....................................................................................................89

**3. АНАЛИЗА И ЕВАЛУАЦИЈА НА МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА ...................... 91**
3.1 SWOT анализа за Југоисточен плански регион на Република Македонија ...................................................................................................91
3.2 SWOT анализа за Благоевградската област на Република Бугарија 93
3.3 Заедничка SWOT анализа за двата региони ...........................................95

**4. СТРАТЕШКА РАМКА ................................................................................ 97**

4.1 Визија за развој на руралниот и одржлив туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија ........ 97

4.2 Мисија за развој на руралниот и одржлив туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија ........ 97

4.3 Цели на маркетинг стратегијата за развој на руралниот туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија ........ 97

**5. АКЦИОНЕН ПЛАН ........ 99**

## СПИСОК НА ТАБЕЛИ

Табела 1. Преглед на средно образование во областа на туризам во Република Македонија ........ 9
Табела 2. Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години, состојба 31 декември ........ 14
Табела 3.Број и ноќевања на домашни и странски туристи по земја на припадност, 2011-2017, по општини, по години ........ 38
Табела 4. Број на туристи и ноќевања во Република Македонија, по региони, по години ........ 39
Табела 5.Капацитети за сместување, по региони, по години ........ 39
Табела 6.Туристи и ноќевања на туристи по видови објекти за сместување, по години. 40
Табела 7.Туристи и ноќевања на туристи по видови туристички места, по години ........ 41
Табела 8. Број на соби и легла по видови објекти за сместување, по години ........ 41
Табела 9.Поважни индикатори во Туризмот, по години ........ 42
Табела 10.Капацитети во угостителството, по општини, според Пописот на угостителството, 2008 ........ 43
Табела 11. Капацитети за сместување, по општини, според Пописот на угостителството, 2008 ........ 44
Табела 12. Дејности на објекти кои нудат сместување и приходи за време на 2016 година – Област БЛАГОЕВГРАД* ........ 80
Табела 13. Капацитетите за сместување во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион, во периодот 2009 – 2016 ........ 83
Табела 14. Угостителски објекти во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион во периодот, 2009 - 2016 ........ 84
Табела 15. Трендови во секторот туризам во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион во периодот 2009 – 2016 ........ 85
Табела 16. Сместувачките капацитети во Благоевградската област во 2016 година ........ 87
Табела 17. Хотелски капацитети во Благоевградската област во 2016 година ........ 88
Табела 18. Ноќевања во Благоевградската област во 2016 ........ 89

Табела 19. Ноќевања во хотели во Благоевградската област во 2016 ... 89
Табела 20. Реализирани ноќевања во двата најголеми туристички центри во регионот во 2016та ... 90
Табела 21. SWOT анализа за Југоисточен плански регион ... 91
Табела 22. SWOT анализа за Благоевградската област ... 93
Табела 23. Заедничка SWOT анализа за двата региони ... 95

# ВОВЕД

Оваа Маркетинг Стратегија за развој на руралниот туризам е изработена во рамки на спроведувањето на проектот „Зголемување на конкурентноста на регионалниот туризам преку поддршка на развојот на руралниот и културниот туризам во прекуграничниот регион на Бугарија и Македонија (Рурална преродба)“ и има за цел одржлив развој на туризмот во Југоисточниот регион на Македонија и Благоевградската област на Бугарија. Споменатиот проект е заедничка иницијатива на Здружението Центар за развој и промоција “Промо Идеја” – Струмица, Македонија и Здружението “Савремие” – Сандански, Бугарија . Финансирањето на проектот беше обезбедено во рамките на Првиот повик за предлози од ИНТЕРРЕГ-ИПА за прекугранична соработка Бугарија – Македонија, Програмата (CCI Number: 2014TC16I5CB006).

Одржливиот развој на туризмот во неговата основа упатува на искористување на потенцијалите, искористување на можностите, но и одржување на рамнотежа помегу економските, еколошките и севкупните општествени потреби на регионот. Овој концепт е долгорочен и сигурен, базиран на соработка помеѓу сите чинители со намера да создаде трајни вредности кои ќе овозможат задоволување на специфичните барања на туристите и креирање на услови за подобра продажба на туристичкиот производ.

Руралниот туризам се идентификува низ разни форми: еко–туризам, селски туризам, агро–туризам, ловен туризам и други форми на туризам. Руралниот туризам е концепт на туризам во селските домаќинства, надвор од урбаните населби, а се темели на користење на руралниот простор во контекст на туристички понуди. Руралниот туризам подразбира поттикнување на развојот на нови туристички дестинации. Се одвива во селските стопанства чија егзистенција се темели на земјоделството, а вишокот од своите производи го пласираат низ новиот продажен канал – туризмот.

Преку овој стратешки преку-граничен документ, се цели да се развие туристички преку-граничен продукт базиран на принципите на реализам, одржливост, контунуитет и партнерство.

Стратегијата во целост го почитува логичниот редослед на процесот на стратешкото планирање низ фазите на дијагноза, евалуација, прогноза.

Концепциски стратегијата започнува со претставување на тековната состојбата преку која се создаваат услови за релевантна дијагностика, по што следи согледувањето на состојбата и анализа на пазарот со соодветните трендови, за потоа да се премине на анализата и евалуацијата на моменталната состојба и SWOT анализа на регионите. По завршувањето на евалуацискиот дел следи стратешкиот дел преку кој се доаѓа до соодветните

прогнозирања и идентификација на стратешките цели и акцискиот план за нивна реализација.

Методологијата на работа на оваа стратегија ги почитува стандардните рамки за подготовка на ваков тип на документи. Концентрацијата на активностите беше групирана во три дела:

Прибирање на информации (законска легислатива, релевантнни документи, профил на заедница, попис на туристички ресурси, состојба, чинители, статистика, макроекономски индикатори)

Анализа на податоци (трендови, соодноси... )

Дефинирање на стратешки дел (визија, мисија, цели, план за акција)

Република Македонија како планинска земја со голем број села, со благи климатски услови, со богатство на шуми, извонредни пејзажни вредности на релјефот, богата хидрографија, традиционална гастрономска понуда има голем потенцијал за развој на руралниот туризам како дел од алтернативниот туризам.

Република Бугарија, најголемите позитивни движења ги бележи во развојот на туристичкото стопанство кое станува една од најзначајните стопански гранки и двигател на целокупниот стопански развој на земјата. Бугарија има можности за развој на сите видови туризам, но најразвиени се морскиот (летен) и зимскиот туризам. Во последниве години силен подем бележат и културниот, селскиот и други алтерантивни форми на туризам.

Во овој документ накратко е направен преглед на националната законска регулатива која го обработува руралниот туризам, потоа стратешките документи на национално, регионално и локално ниво во областа на руралниот туризам, како и нивните цели, приоритети и потреби.

Оваа анализа е направена за двата региони, Југоисточен плански регион на Република Македонија, со општините: Општина Богданци, Општина Босилово, Општина Дојран, Општина Гевгелија, Општина Конче, Општина Ново Село, Општина Радовиш, Општина Струмица, Општина Валандово, Општина Василево и Благоевградската област во јужна Бугарија, со општините: Општина Банско, Општина Белица, Општина Горна Џумаја (Благоевград), Општина Неврокоп (Гоце Делчев), Општина Грмен, Општина Кресна, Општина Петрич, Општина Мехомија (Разлог), Општина Свети Врач (Сандански), Општина Сатовача, Општина Симитли, Општина Струмјани, Општина Хаџидимово и Општина Јакоруда.

За истражувањето беа користени достапните податоци во форма на законска регулатива, изработени студии, анализи, статистички податоци, и слично. Исто така беше подготвен и on-line анкетен прашалник за полесно обезбедување на податоците од општините од Република Бугарија, кои се дел од проектот.

# 1. ПРОФИЛ НА РЕГИОНИТЕ

## 1.1 ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




**Југоисточниот регион** е еден од осумте плански региони во Р. Македонија формирани согласно Законот за рамномерен регионален развој во 2007 година и претставува основна единица за планирање на развојот во Стратегијата за регионален развој.

Југоисточниот регион се протега на крајниот југоисточен дел на Република Македонија и го опфаќа подрачјето на Струмичко-Радовишката и Гевгелиско-Валандовската котлина, односно долината на реката Струмица и долниот тек на реката Вардар. Географската поставеност на регионот ги опфаќа спомнатите котлини и масивите на планините Беласица на југ, Огражден на исток, Плачковица на север, Срта во централниот дел и источната страна на Кожуф планина. На југ граничи со Република Грција, на исток со Република Бугарија, а на север и запад со Источниот и Вардарскиот регион.

Регионот зафаќа површина од 2.835 km$^2$, односно 10,9 % од вкупната површина на државата. Го сочинуваат вкупно 10 општини: Општина Богданци,

Општина Босилово, Општина Валандово, Општина Василево, Општина Гевгелија, Општина Дојран, Општина Конче, Општина Ново Село, Општина Радовиш и Општина Струмица, со вкупен број од 171.416 жители и густина на населеност од 63,2 жители на $km^2$.

### 1.1.1 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Во Македонија има осум клучни инволвирани чинители во туризмот на национално ниво, и тоа:

- **Секторотот за туризам и угостителство** во Министерството за Економија е одговорен за политиката за туризам, стратешко планирање и лиценцирање, истражувања, категоризација и соработка;

- **Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот**, владина организација чија примарна функција е промоција на македонските туристички центри и објекти во странство;

- **ХОТАМ - доброволно здружение на хотелски и угостителски бизниси во Македонија**. Тоа е непрофитна и невладина организација, но членовите се обврзани да плаќаат мал годишен надомест. Сите собрани средства се користат за покривање на трошоците, за промовирање и заштита на членовите;

- **Туристичко-угостителската комора на Македонија** со своите активности работи во насока на промоција на туристичкиот потенцијал и развој на угостителскиот и културниот туризам во Р. Македонија;

- **Туристичката комора на Македонија (ТКМ)**, ги обединува на доброволна основа, националните, регионалните и локалните организации и совети, компании од туристичко–угостителскиот бизнис, тур-оператори и туристички агенции, професионалци, компании и организации поврзани со туристичката индустрија;

- **Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ)**, како легитимен претставник на интересите на бизнис заедницата, има за цел да организира, аванцира~~ње~~, врши промоција и заштита на бизнисите како во рамки на Република Македонија така и во странство, помага при справување со предизвиците на конкуренцијата на различни нивоа, било на домашна или меѓународна основа;

– **Стопанска Комора за Туризам на Македонија** е независна, самостојна и непрофитна деловно-стручна организација на правни и физички лица, со седиште во Република Македонија, кои вршат дејност во туристичкото стопанство како: угостителска, хотелска, транспортна, туристичко-услужна, туристичко-образовна и други неспоменати дејности, во функција на изготвување, понудување и успешна реализација на туристичкиот производ;

– **Здружение на угостителството и туризмот** при Стопанската комора на Македонија.

Неколку образовни институции во Македонија нудат средно и високо образование во областа на туризмот:

## Средно образование за туризам

Неколку училишта во Македонија во моментов нудат средно туристичко образование. Школувањето трае три или четири години во зависност од избраната специјализација и вклучува практична обука за време на летните одмори.

**Табела 1.** Преглед на средно образование во областа на туризам во Република Македонија

| **Училиште** | **Насока** | **Траење на образование** | **Бр. на ученици** | **Бр. на паралелки** |
|---|---|---|---|---|
| Средно Угостителско Училиште "Лазар Танев", Скопје | Хотелско-туристички техничар (на македонски јазик) | 4 години | 68 | 2 |
| | Хотелско-туристички техничар (на албански јазик) | 4 години | 34 | 1 |
| | Готвач (на македонски јазик) | 4 години | 136 | 4 |
| | Келнер (на македонски јазик) | 3 години | 102 | 3 |
| | Келнер (на албански јазик) | 3 години | 34 | 1 |
| | Слаткар (на македонски јазик) | 3 години | 34 | 1 |
| | Угостителски техничар (на македонски јазик) | 4 години | 34 | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Пекар (на македонски јазик) | 3 години | 34 | 1 |
| **Вкупно** | **Угостителско-туристичка струка** | | **442** | **13** |
| Државно средно училиште за рехабилитација и образование “Св. Наум Охридски”, Скопје | Угостителско – туристичка струка:<br>- помошник готвач<br>- помошник слаткар | | | |
| Општинско средно училиште “АцоРусковски”, Берово | Хотелско – туристички техничар (на македонски јазик) | 4 години | 34 | 1 |
| | Келнер (на македонски јазик) | 4 години | 34 | 1 |
| **Вкупно** | **Угостителско - туристичка струка** | | **68** | **2** |
| Средно стручно општинско училиште “Коле Неделковски”, Велес | Келнер / говач (на македонски јазик) | 4 години | 34 | 1 |
| **Вкупно** | **Угостителско - туристичка струка** | | **34** | **1** |
| Средно општинско училиште “Јосиф Јосифовски”, Гевгелија | Хотелско-туристички техничар (на македонски јазик) | 4 години | 34 | 1 |
| | Келнер (на македонски јазик) | 3 години | 34 | 1 |
| | Готвач (на македонски јазик) | 3 години | 68 | 2 |
| **Вкупно** | **Угостителско-туристичка струка** | | **136** | **4** |
| Средно општинско училиште “Митко Пенџуклиски”, Кратово | **Угостителски техничар за рурален туризам** (на македонски јазик) | 4 години | 34 | 1 |
| **Вкупно** | **Угостителско-туристичка струка** | | **34** | **1** |
| Средно општинско училиште “Ѓорче Петров”, Крива Паланка | Готвач /келнер (на македонски јазик) | 3 години | 34 | 1 |
| **Вкупно** | **Угостителско-туристичка струка** | | **34** | **1** |
| Средно општинско училиште “св. Наум | Хотелско-туристички техничар (на македонски јазик) | 4 години | 34 | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Охридски", Македонски Брод | **Угостителски техничар за рурален туризам** (на македонски јазик) | 4 години | 34 | 1 |
| **Вкупно** | **Угостителско-туристичка струка** | | **68** | **2** |
| Општинско угостителско-туристичко училиште "Ванчо Питошески", Охрид | Хотелско-туристички техничар (на македонски јазик) | 4 години | 68 | 2 |
| | **Угостителски техничар за рурален туризам** (на македонски јазик) | 4 години | 34 | 1 |
| | Угостителски техничар (на македонски јазик) | 4 години | 68 | 2 |
| | Келнер (реформиран наставен македонски јазик) | 3 години | 34 | 1 |
| | Готвач (на македонски јазик) | 3 години | 68 | 2 |
| **Вкупно** | **Угостителско-туристичка струка** | | 272 | 8 |
| Средно општинско училиште "Нико Нестор", Струга | Келнер (на албански јазик) | 3 години | 34 | 1 |
| **Вкупно** | **Угостителско-туристичка струка** | | 34 | 1 |
| Средно општинско стручно училиште "Моша Пијаде", Тетово | Хотелско-туристички техничар (на македонски јазик) | 4 години | 34 | 1 |
| | Хотелско-туристички техничар (на албански јазик) | 4 години | 68 | 2 |
| | Готвач (на албански јазик) | 3 години | 34 | 1 |
| **Вкупно** | **Угостителско-туристичка струка** | | 136 | 4 |
| Средно општинско училиште "Коле Нехтенин", Штип | Келнер/готвач (на македонски јазик) | 3 години | 34 | 1 |
| **Вкупно** | **Угостителско-туристичка струка** | | 34 | 1 |

## **<u>Високо образование за туризам</u>**

Во моментов во Република Македонија постојат повеќе универзитети (приватни и државни) кои нудат универзитетски образовни програми на полето на туризмот:

- Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, Факултетот за Туризам и угостителство;

- Универзитет “Гоце Делчев” - Штип, Факултетот за Туризам и Бизнис Логистика;
- Универзитетот за Туризам и Менаџмент – Скопје, Факултетот за Туризам;
- Државен Тетовски Универзитет - Тетово, Економски факултет, насока туризам;
- Универзитет ФОН - Скопје, Факултетот за економски науки, насока: туризам;
- Универзитет МИТ – Скопје, Факултетот за менаџмент на туризмот;
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Природно-математички факултет, Институт за географија - насока туризам;
- Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, Факултет за бизнис и економија, насока туризам.

### 1.1.2 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион

Визија: Југоисточниот регион до 2019 година ќе биде привлечно место за живеење, двигател на сопствениот одржлив развој, со задоволни и мотивирани граѓани, препознатливи производи со додадена вредност, посакувана дестинација со препознатливи особености и културно-историски вредности.

Мисија: Одржлив развој на Југоисточниот регион преку оптимално користење на ресурсите, функционални институции за пристап до услуги, инвестиции, иновативност и конкурентност за подобрување на условите за работа и живот во регионот.

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во својот стратешки план, односно Програмата за развој (2015-2019), посветува особено внимание на Секторот туризам и култура, но и на руралниот развој.

Фокусот на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион се проекти и активности, кои имаат за цел развој на одржливиот регионален развој, а особено промоција на туристичките потенцијали (Интегриран пристап во развојот на туризмот на Југоисточниот плански регион, Паљурци - спој на природна убавина и исконско минато, Ревитализација на дел од крајбрежјето на Дојранско Езеро - Стар Дојран, Уредување на просторот околу Смоларски водопад во зоната на активно управување, Уредување на просторот околу манастирските локалитети на Св.Ѓорги во с.Ораовица и Св. Стефан во с.Конче, Иновативни средства за промоција на туризмот во регионот, Уредување на излетнички места на Габровски водопади – општина Струмица, Смрдлива вода

– општина Гевгелија, Смоларски и Колешински водопади – општина Ново Село, за збогатување на туристичката понуда во Југоисточниот регион, Уредување на излетничко место покрај Дојранското крајбрежје во с. Николиќ, општина Дојран).

Според горенаведеното, може да се каже дека Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, претставува еден клучен двигател и чинител кој е заслужен за развојот и промоцијата во овој регион.

**Табела 2.** Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години, состојба 31 декември

| Богданци | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 29 | 26 | 29 | 25 | 28 | 26 |
| Уметност, забава и рекреација | 5 | 4 | 5 | 5 | 5 | 6 |
| Други услужни дејности | 6 | 4 | 8 | 8 | 5 | 5 |
| Босилово | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 9 | 8 | 8 | 7 | 6 | 6 |
| Уметност, забава и рекреација | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | 5 |
| Други услужни дејности | 2 | 1 | 2 | 1 | 4 | 2 |
| Валандово | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 20 | 21 | 22 | 21 | 26 | 27 |
| Уметност, забава и рекреација | 4 | 4 | 6 | 8 | 7 | 7 |
| Други услужни дејности | 13 | 17 | 17 | 21 | 24 | 19 |
| Василево | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 3 | 5 | 4 | 5 | 5 | 6 |
| Уметност, забава и рекреација | 2 | 3 | 1 | 2 | 2 | 3 |
| Други услужни дејности | 1 | 3 | 1 | 1 | 2 | 3 |
| Гевгелија | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 92 | 100 | 76 | 78 | 86 | 79 |
| Уметност, забава и рекреација | 18 | 20 | 21 | 23 | 24 | 27 |
| Други услужни дејности | 48 | 46 | 49 | 54 | 56 | 53 |
| Дојран | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 25 | 25 | 22 | 22 | 22 | 22 |
| Уметност, забава и рекреација | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| Други услужни дејности | 2 | 1 | 5 | 1 | 2 | 3 |
| Конче | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | / | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 |
| Уметност, забава и рекреација | 1 | / | / | 1 | / | 1 |
| Други услужни дејности | 1 | 2 | 3 | 3 | 1 | 1 |
| Ново Село | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 18 | 16 | 15 | 17 | 15 | 14 |
| Уметност, забава и рекреација | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Други услужни дејности | 9 | 7 | 5 | 5 | 5 | 7 |
| Радовиш | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 39 | 45 | 43 | 45 | 43 | 44 |
| Уметност, забава и рекреација | 13 | 11 | 13 | 17 | 20 | 21 |
| Други услужни дејности | 55 | 52 | 50 | 50 | 52 | 53 |
| Струмица | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 126 | 118 | 121 | 129 | 126 | 127 |
| Уметност, забава и рекреација | 28 | 31 | 32 | 33 | 35 | 32 |
| Други услужни дејности | 163 | 170 | 178 | 152 | 132 | 121 |

### 1.1.3 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА ЛОКАЛНО НИВО

Клучните чинители на локално ниво генерално во областа на туризмот, како и за руралниот туризам, се секторите или одделенијата за локален економски развој во општините, туристички информативни центри и бироа, туристички агенции, хотели, угостителски објекти и останати капацитети за сместување.

#### Општина Богданци

Општина Богданци има потенцијали за развој на туризмот (бањски, планински, езерски, спортско-рекреативен туризам, ловен и сафари туризмот и др).

**Туристички и угостителски објекти**

На територијата на општината нема хотели, мотели, автокампови, планинарски и ловечки домови. Во општината не постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети, а досега не е извршена категоризација на приватни сместувачки капацитети. На територијата на општината нема туристички агенции.

Во општината постојат угостителски објекти од типот на ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и неколку кафе-барови и дискотека за забава.

**Културно-историски обележја**

Културниот туризам е застапен преку одржување на разни настани и манифестации (Богдански средби, Првомајски трки во Стојаково, спортски натпревари), потоа изложби (Графичка работилница „Софија“), колонии, карневали (Маскарада), панаѓури и празници.

На територијата на општината верски објекти се: Црква „Свети Атанасиј“, Црква „Св.Кирил и Методиј“, Црква „Успение Богородичино“, Црква „Света Недела“ и Манастирот „Свети Димитриј“.

Спортско-рекреативни комплекси во општината се: Спортската сала во Богданци, Спортско-стрелачкиот клуб “Магнум“, Спортско-рекреативна патека „Паљурци-Дојран“.

Археолошки локалитети кои сé уште не се истражени се: Барданов Камен, Света Гора, Тумба, Стојаково, Бегово, Мамино, Рамниште, Голема Чешма, Друмот I и Друмот II, Зад Камен, Кошкут, Шипков Дол, Молникот, Селиште, Манастирчето.

**Природно наследство**

На територијата на општината нема национални паркови, нити пак заштитени подрачја, додека пак заштитени видови се Папратот Фригијски Изетес и растението Астрагалус.

Ловиштата основани со одлука на Владата на РМ се: Погано, Стојаково и Црничине. На територијата на општината има и риболовно друштво “Риболовец”, Стојаково.

*Населеното место Паљурци, има потенцијал за развој на алтернативни форми на туризам – селски туризам. Селото е празно, без жители, а католичката црква прави сериозни инвестиции за заживување на овој регион, преку изградба на црквата „Свети Апостол Павле“.*

**Чинители во областа на туризмот**

- Одделение за локален економски развој (локален економски социјален совет);
- Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и јавни дејности;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Спортско стрелачки клуб "Магнум", Богданци;
- Ловечкото друштво "Тигар";
- Планинарско друштво „Дуб";
- Дом на култура „Бранд Петрушев", Богданци;
- Верски објекти (цркви, џамии) и манастири.

## Општина Босилово

### Туристички и угостителски објекти

На територијата на општината нема хотели, мотели, автокампови, планинарски и ловечки домови. Во општината не постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети, а досега не е извршена категоризација на приватни сместувачки капацитети. На територијата на општината нема туристички агенции.

Во општината постојат угостителски објекти од типот на ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и неколку кафе-барови за забава.

### Културно-историски обележја

Културниот туризам е застапен преку одржување на разни настани и манифестации (Средба на русалиите во Секирник), спортски настани (борбата на бикови во Дрвош), потоа панаѓури и верски празници.

На територијата на општината верски објекти се: Црква „Свети Атанас", Новоизградена католичка црква во Радово, Црква „Свети Константин и Елена", Црква „СветиСпас", православна Црква „Свети Георги", католичка црква „Свети Кирил и Методиј", и Машкиот Манастир на Светите Климент и Наум Охридски во Хамзали. Во населените места Босилово и Радово има турска џамија, во селото Иловица има безимена џамија и во селото Еднокуќево се наоѓа една од најстарите џамии.

Археолошки локалитети во општина Босилово се: Варница, Гробишта, Крива Топола, Крст, Куши Тумба и Црквиште во селото Иловица, епиграфски споменици

во селото Петралинци, Гаскарник во селото Сарај, епиграфски споменик и локалитет Тумба во селото Гечерлија, некропола од железно време помеѓу селата Дрвош и Сушица, Говедарник и Тумба во селото Хамзали.

**Природно наследство**

На територијата на општината нема национални паркови, а заштитено подрачје е Моноспитовското блато, додека пак заштитени видови се кралскиот папрат, четирилисна марзилеа, блатна папрат, синоока трева, и др.

Ловиштата основани со одлука на Владата на РМ се: Ловиште бр.9-Босилово и Ловиште бр.3а - Огражден.

*Моноспитовско блато како последно мочуриште во Македонија е важно за развојот на селскиот туризам.*

**Чинители во областа на туризмот**

- Одделение за комунални работи и заштита на животната средина и локален економски развој;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- КУД „Гоце Делчев“ од Босилово;
- КУД „Русалии“ од Секирник;
- Фудбалски клуб „Хоризонт”;
- Ловно друштво „Гоце Делчев” од Босилово;
- Верски објекти (цркви, џамии) и манастири.

### Општина Дојран

**Туристички и угостителски објекти**

На територијата на општината има 6 хотели (Македонија, Романтик, Полин, Престиж, Казино Хит Интернационал, Казино Атлантик), 2 мотели (Дандар и Истатов), околу 20тина одморалишта со преку 1000 легла, 3 автокампови (Партизан, детски дом 11 Октомври – Николич и Ачико – кој не е во функција).На територијата на општината нема планинарски и ловечки домови. Во општината постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети од околу 150 приватни објекти во Стар Дојран, Нов Дојран и Сретеново, со околу 1000 легла. На територијата на општината нема туристички агенции.

Во општината постојат угостителски објекти од типот на ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

**Културно-историски обележја**

Културниот туризам е застапен преку одржување на разни настани и манифестации (Фестивалот Дојрански ракувања, Дојранска автентика, Фестивал на слатко од диви смокви, Дојранска вечер, Вешта жена), спортски настани (Мото-Рели Дојран), потоа панаѓури и обележување на верски празници.

На територијата на општината позначајни верски објекти се: Црква „Свети Пророк Илија" и Црквата „Света Богородица" во Стар Дојран, Црква „Свети Георгиј" во Нов Дојран, Црква „Свети Илија" во Фурка, како и манастирскиот комплекс „Свети Партениј Зографски" во Стар Дојран. Во населените места Ѓопчели, Куртамзали, Дурутли, Органџали, Севендекели, Џумабос и Чаушали, во кои претежно живее турско население има џамии кои немаат позначајно културно-историско значење.

Најпознати археолошки локалитети во општина Дојран се: Турски Амам во Стар Дојран и Саат Кула, исто така во Стар Дојран.

**Природно наследство**

На територијата на општината нема национални паркови, и заштитени подрачја, додека пак заштитени видови се поголемиот дел од флората и фауната кои се наоѓаат во Дојранското Езеро.

Ловиште основано со одлука на Владата на РМ е Ловиштето „Карабалија", додека пак Дојранското Езеро е познато по спортски и рекреативен риболов.

*Туристичко-рекреативната патека Дојран-Паљурци нуди можност за развојот на алтернативните видови туризам, кои само ќе го надополнуваат и онака веќе развиениот летен туризам.*

**Чинители во областа на туризмот**

- Одделение за урбанизам, комунални дејности, и заштита на животната средина;
- Оделение за локален економски развој;
- Туристички информативен центар на општина Дојран;

- 6 Хотели (Македонија, Романтик, Полин, Престиж, Казино Хит Интернационал, Казино Атлантик);
- 2 Мотели(Дандар и Истатов);
- Дваесетина одморалишта со преку 1000 легла;
- 3 Автокампови (Партизан, детски дом 11 Октомври – Николич и Ачико – кој не е во функција);
- Сопственици на приватни објекти за сместување (150 со 1000 легла);
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови, дискотеки);
- Ловечко друштво „Дојран“ од Стар Дојран;
- Спортско-риболовно друштво „Дојранско Езеро“ од Нов Дојран;
- Музејот на Дојран;
- Верски објекти (цркви, џамии) и манастири.

## Општина Гевгелија

### Туристички и угостителски објекти

Во општина Гевгелија има развој на неколку алтернативни форми на туризам, како транзитниот, бањскиот, планинскиот и културниот туризам.

На територијата на општината има 11 хотели (Аполонија, Пелагонија-тириц, Нар, Ашикот, Бужор, Илинден, Јасен, Калифоринија ресорт, Хотел Казино Фламинго, Хотел Казино Принцес,Ски-центар Кожуф), 1 мотел (мотел Вардар), 1 одморалиште (Смрдлива Вода). На територијата на општината нема автокампови. Во општината не постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети, а досега не е извршена категоризација на приватни сместувачки капацитети. На територијата на општината има 3 туристички агенции (ТА „Дори”, ТА „Одеон” и ТА „Путник АС”).

Во општината постојат угостителски објекти од типот на ресторани, пицерии и сендвичари, слаткарница кои се важни за гастрономскиот туризам, кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

### Културно-историски обележја

Културниот туризам е застапен преку одржување на разни настани и манифестации (Фестивалите: Смоквијада, Калинка, Гитаријада, манифестациите:

Гевгелиско културно лето, Денови на комедијата и Фолклорен ѓердан), годишна изложба на членовите на друштвото на ликовни уметници на Гевгелија, меѓународни ликовни колонии (Југосвен и Дојрана), спортски настани (Баскет-турнир Геведион 2010, Меморијален турнир во класичен мал фудбал Тихо, Миравци), потоа панаѓури и обележување на верски празници. Во општината се организираат и саеми на книгата и Велигденскиот саем.

Во општина Гевгелија во служба на културата егзистираат и следните објекти: Стариот турски амам, како изложбен простор, Народниот театар во Гевгелија, Кино „Култура", Салата на Пионерскиот дом.

На територијата на општината позначајни верски објекти се: Црква „СветаТроица", Црква „Свети Кирил и Методиј", Црква „Рождество Богородичино" во Богородица, Црква „Свети Архангел Михаил" во Моин, Црква „Свети Димитриј" во Конско, Црква „Рождество Богородичино" во Хума, Црква „Свети Георгиј" во Серменин, Црква „Свети Димитриј" во Кованец, Црква „Свети Атанасиј" во Негорци, Црква „Свети Константин и Елена" во Мрзенци, Црква „Света Петка" во Прдејци, Црква „Свети Димитриј" во Смоквица, Црква „Свети Атанасиј" во Габрово, Црква „Свети Спас" во Петрово, Црква „Рождество Богородичино" во Давидово, Црква „Свети Илија" во Смрдлива Вода, Црква „Света Петка" во Милетково, Црква „Свети Константин и Елена" во Миравци.

Познати манастири се „Свети Спас" во Гевгелија, „Свети Илија" во Давидово и „Свети Атанас" во Петрово. Во градот, во близина на градската чаршија се наоѓа Турскиот амам.

Најпознати археолошки локалитети во општина Гевгелија се: Вардарски Рид, Сува Река, Ветка Црква во Прдејци, Градошор-Мрамор во Милетково, Бистерна во Прдејци, Агова чешма во Смоквица, Црква „Свети Димитрија" во Смоквица, Вишов јавор во Смоквица, Ќерамидница, Градиште и Туфка во Смоквица, Милци во Богородица, Башот-Горна Корија во Негорци, Варијанта во Давидово.

Специфичната архитектура во општина Гевгелија, е претставена со Железничка станица, Вила Тина, Народна Библиотека, Кангов конак и Андреев конак.

Спортско-рекреативни комплекси во општината се: Градски Стадион Гевгелија, Спортска сала „26 Април", ДТВ „Партизан", Фудбалски стадион во Миравци и отворено олимписко стрелиште за стрелање со пиштол. На територијата на општина Гевгелија установени се 5 ловишта за крупен и ситен дивеч со одлука на Владата на РМ: Милисин, Висока Чука, Стара река, Кованици и Мрзенци. Риболовот се одвива на реката Вардар и акумулацијата Габрово.

На територијата на општината постојат планинарските домови: „Томе Кротки“ и „Висока Чука“ и ловниот дом „Милисин“.

**Природно наследство**

На територијата на општината нема национални паркови, заштитени подрачја, нити пак заштитени видови. Овде се наоѓа посебен вид на растение кое се вика дрво-човек и ја менува бојата четири пати во годината.

*Поради лековитата минерална вода, евидентен е развој на селскиот туризам особено во селото Ново Село до Смрдлива Вода.*

**Чинители во областа на туризмот**

- Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка;
- Одделение за урбанизам, градежништво и заштита на животна средина;
- Дом на културата „Македонија“;
- Народна библиотека „Гоце Делчев“;
- Народниот театар во Гевгелија;
- Кино „Култура“;
- Музеј на Гевгелија;
- Планинарско друштво „Кожуф“;
- Ловно друштво „Орел“;
- Спортско-риболовно друштво „Југ“, Гевгелија;
- Фондација за локален развој и развој на информатички технологии (ФЛОРИТ), Гевгелија;
- 11 Хотели (Аполонија, Пелагонија-тириц, Нар, Ашикот, Бужор, Илинден, Јасен, Калифоринија ресорт, Хотел Казино Фламинго, Хотел Казино Принцес, Ски-центар Кожуф);
- 1 Мотел (мотел Вардар);
- 1 Одмаралиште (Смрдлива Вода);
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови, дискотеки);
- Туристички агенции (Дори, Одеон и Путник АС);
- Верски објекти (цркви, џамии) и манастири.

## Општина Конче

### Туристички и угостителски објекти

На територијата на општината нема хотели, мотели, автокампови, планинарски и ловечки домови. Во општината не постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети, а досега не е извршена категоризација на приватни сместувачки капацитети. На територијата на општината нема туристички агенции.

Од угостителски објекти во општината постои само 1 традиционален ресторан „Селска крчма", додека пак пицерии, сендвичари, слаткарници, кафе-барови и дискотеки не се евидентирани.

### Културно-историски обележја

Културниот туризам е застапен преку одржување на културната манифестација (Топол културен бран), спортскиот настан (Турнир во мал фудбал под рефлектори), панаѓури и празници.

На територијата на општината верски објекти се: Црква „Свети Николај" во Дедино, Црква „Рождество на Пресвета Богородица" во Ракитец, Црква „Успение на Пресвета Богородица" во Долни Липовиќ, Црква „Св. Великомаченик Ѓорѓи" – Горни Липовиќ, Црква „Св. цар Константин и царица Елена" во Лубница и Манастирот „Свети архиѓакон Стефан" во Конче кој се третира како споменик на културата.

Археолошки локалитети: "Гајнов дол", каде е откриена гробница од вториот век -ранoримски период.

Спортско-рекреативни комплекси во општината се: Во склоп на основното училиште во Конче постои игралиште за ракомет и мал фудбал.

### Природно наследство

На територијата на општината нема национални паркови, заштитени подрачја, ниту пак заштитени видови.

Ловиштата основани со одлука на Владата на РМ се: Ловиштето Липовиќ и Ловиштето Габревци.

*Општина Конче е редок природен ареал со 100 % еколошка чиста животна средина, со големи потенцијали и ресурси за производство на здрава храна. Во егзотичноста на регионот, опкружен со сите овие природни богатства, се наоѓа и манастирот Св. Стефан изграден во далечната 1366 година.*

**Чинители во обласа на туризмот**

- Одделение за локален економски развој;
- Угостителски објекти – ресторан Селска Крчма;
- Ловно - риболовно друштво „Студенац“ Конче;
- Верски објекти (цркви, џамии) и манастири.

## Општина Ново Село

**Туристички и угостителски објекти**

На територијата на општината нема хотели, има 2 мотели (Подгорски ан, Панорама), а автокампови не се регистрирани. Во општината не постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети, а досега не е извршена категоризација на приватни сместувачки капацитети. На територијата на општината има 2 туристички агенции(ТА Панорама – Мокрино и ТА Лас Вегас).

Во општината постојат угостителски објекти од типот на ресторани, пицерии, сендвичари и слаткарница кои се важни за гастрономскиот туризам, како и неколку кафе-барови и дискотеки за забава.

**Културно-историски обележја**

Културниот туризам во Ново Село е застапен преку разни настани и манифестации, меѓу кои: Групно венчавање под Колешинскиот водопад; Фестивалот на храна, вино, песни и ора „Ново Фест“; Ѓурѓовденските средби; Фестивалот на Смоларскиот костен; Илинденските средби; Собирот на Св. Петка; Средбите под јаворите; Смотра на народни песни; Собир на Пирго; Велигденски хепенинг, Страчинарските игри (карневал) кои се одвиваат за Стара Нова Година, спортските настани (турнирот во мал фудбал Илинден - Ново Село, турнир во фудбал во Зубово), панаѓури и други празници.

На територијата на општината верски објекти се: Црквата „Св. Георги“ во Ново Село, Црквата „Св. Спас“ во Колешино, Евангелско - методистичка црква, Христијанско – адвентистичка црква, Црква на Јеховини сведоци, Црквата „Св.

Кирил и Методиј" во Борисово, Црквата „Свети Пантелејмон" во Мокриево, Црквата „Свети Цар Константин и Елена" во Мокрино, Црквата „Св. Троица" во Смолари, „Св. Богородица Милостива" во Дражево, Црквата „Св. Спас" во Старо Коњарево, Црквата „Св. Великомаченик Георги" во Сушица, Црквата „Св. Георги" во Зубово, Црква Св. Илија во Ново Коњарево, Црквата „Св. Климент Охридски" во Ново Коњарево, Црквата „Св. Богородица" во Самуилово, Црквата „Св. Атанас" во Барбарево, Црквата „Св. Параскева" и Црквата „Св. Спас" во Бајково, Црквата „Св. Богородица" во Бадилен.

Од манастири, познати се: Манастирот „Св. Георги и Св. Антониј" во Ново Село и Манастирот „Св. Петар и Св. Павле" во Бајково.

Археолошки локалитети во општина Ново Село се: локалитетот „Црвено Поле" кој се наоѓа на врвот на планината Огражден, потоа доцнонеолитската населба „Голема Трпеза'', локалитетот Драгулево, локалитетот Ќерамидарка во атарот на селото Мокрино и локалитетот Пирго, кој претставува средновековна кула, која се наоѓа над селото Мокриево.

На територијата на општината има Планинарски дом „Шарена чешма", додека пак ловечки домови не се евидентирани.

Спортско-рекреативни комплекси: Спортска сала „Христо Татарчев", која се наоѓа во селото Ново Село.

**<u>Природно наследство</u>**

На територијата на општината нема национални паркови, а заштитено подрачје е дел од планината Беласица, со површина од 702 хектари. Во овој дел се наоѓаат Смоларскиот и Колешинскиот водопад кои имаат посебен режим на заштита. Osmunda Regalis е ендемичен вид на папрат и единствено место на Балканот каде што може да се најде е во близина на селото Колешино.

Ловиштето бр.3 на планината Беласица е установено како ловиште со одлука на Владата на РМ за установовување на ловиштата на територијата на РМ.

*Во Општина Ново Село има неколку туристички локалитети кои ја издвојуваат од останатите општини. Овде се наоѓаат надалеку познатите Смоларски и Колешински Водопад, но и Мокринските Извори а секако не помалку значаен е археолошкиот локалитет Црвено Поле.*

**<u>Чинители во областа на туризмот</u>**

- Одделение за комунални работи и локален економски развој;
- Центар за услуги на граѓаните;
- 2 мотели (Подгорски ан, Панорама);
- Планинарско - алпинистичко ориентационен клуб „Ентузијаст” – Струмица;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, сендвичари, кафе-барови, дискотеки, слаткарница);
- Домот на културата „Јане Сандански“ - Ново Село;
- Ловно друштво „Елен'' - Ново Село;
- Туристички агенции (ТА Панорама – Мокрино, ТА Лас Вегас);
- Верски објекти (цркви, џамии) и манастири.

## Општина Радовиш

Во општина Радовиш има развој на неколку алтернативни форми на туризам, како рекреативно-спортскиот, ловниот, риболовниот и селскиот туризам.

### Туристички и угостителски објекти

На територијата на општината има 2 хотели („Панорама“ и „Бахамас“), нема мотели, одморалишта, ниту пак автокампови. Во општината не постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети, а досега не е извршена категоризација на приватни сместувачки капацитети. На територијата на општината има 2 туристички агенции (ТА „Атлантис“ и ТА „Орбита турс“).

Во општината постојат угостителски објекти од типот на ресторани, пицерии и сендвичари, кои се важни за гастрономскиот туризам, кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

### Културно-историски обележја

Културниот туризам е застапен преку одржување на разни настани и манифестации („Св.Спасо Радовишки“, Карамanови поетски средби, Радовишко културно лето, Меѓународен детски фолклорен фестивал „Оро весело”, Фестивал на изворен фолклор „Гајда“, Фестивал на староградска серенада „Са ноќ седам...“, Фолклорен Фестивал во село Подареш, Фестивал на македонскиот фолклор, традицијата, обичаите, носијата, музичките инструменти и слично кој традиционално се одржува во село Ињево),

ликовната колонија која се одржувана во манастирот „Свети Пантелејмон“ во с. Брест, спортски настани (Мото - Хепенинг и Првомајски спортски натпревари), потоа панаѓури и обележување на верски празници.

Центар за култура „Ацо Караманов'' - Радовиш е институција каде се одржуваат сите културни манифестации во Општина Радовиш (Етно-музејската збирка, мултифункционална сала која повремено се користи за проекција на филмови и како концертна сала.

На територијата на општината позначајни верски објекти се: Црквата „Свети Илија” во Радовиш, Соборниот храм „Св. Троица“ во Радовиш, Црква „Свети цар Конастантин и царица Елена” во Раклиш, Црква „Вознесение Христово“ во Ињево-парохиска црква, Црква „Свети Николај” во Дедино, Црква „Успение на Пресвета Богородица” во Долни  Липовиќ, Црква „Свети Атанасие Велики” во Ораовица, Црква „Св. вмч. Ѓорѓи” во Воиславци, Црква “Св. вмч. Ѓорѓи” во Калугерица, Црква „Воснесение Христово” во Погулево, Црква „Свети вмч. Ѓорѓи” во Подареш, Црква „Свети Ѓорѓи” во Покрајчево, Црква „Успение на Пресвета Богородица” во Злеово, Црква „Свети Димитриј” во Смиљанци.

Познати манастири се: Манастир „Успение на Пресвета Богородица” во Воиславци, Манастирот „Свети Пантелејмон'' (се наоѓа помеѓу градовите Штип и Радовиш кај месноста Пилав Тепе), Манастир „Св.Ѓорѓи'' во Ораовица и Манастир „Света Троица” во Радовиш.

Најпознати археолошки локалитети во општина Радовиш се: Месноста „Хисар” и Ридот „Пилав Тепе”. На територијата на општина Радовиш постојат и други локалитети кои не се истражени: Гарван - Кула на Серта, Дамјан - Стар Манастир, Долни Радеш - Трескавец, Јаргулица - Градиште, Караџалија - Асарлак, Калуѓерица - Голема Кал, Калуѓерица - Мала кал, Коџалија - Исарлк, Подареш - Маркова кала, Подареш - кала Демир Капија на Готен, Смиљанци, Орлова кала, Радовиш - Исарот Кале, Сулдурци - Ридот Колибите, Ораовица, Градиште, Лубница - Иливер и други.

Спортско-рекреативни комплекси во општината се: Спортска сала „25-ти Мај“, Спортско-рекреативен комплекс „Шампион“ со олимписки базен, градски фудбалски стадион, повеќе игралишта за мал фудбал, ракомет, одбојка, тениски терени и друго.

На територијата на Општина Радовиш функционираат 5 ловишта кои се установени како ловишта за крупен и ситен дивеч со Одлука на Владата на РМ за установување на ловишта на територијата на Република Македонија, и тоа: „Плачковица” и „Смиљанци” наменети за лов на крупен дивеч, како и ловиштата „Ињево”, „Подареш” и „Парналија” наменети за лов на ситен дивеч (полска

еребица, див зајак). Ловното друштво „Готен" - Радовиш е единствено друштво кое функционира на територијата на оваа Општина и стопанисува со нив.

На територијата на општината постојат Алпинистичкиот дом „Плоча", кој е првиот алпинистички дом во Република Македонија и Планинарскиот дом „Џумаја".

Спортскиот риболов на територијата на Општина Радовиш претежно се одвива на Акумулацијата Мантово во Општина Конче која располага со богат рибен фонд.

**Природно наследство**

На територијата на општината нема национални паркови и заштитени подрачја. *Platanus orientalis L* попознат како јавор или чинар е ставен под заштита од страна на Министерството за животна средина како природна реткост.

*Богатството на шумскиот фонд, разновидноста на флората и фауната, чистата и здрава околина, конфигурацијата на теренот, реките и вештачките акумулации го прават регионот атрактивен за рекреативно-спортскиот, ловниот, риболовниот и селскиот туризам.*

**Чинители во областа на туризмот**

- Одделение за локален економски развој;
- 2 Хотели (Панорама и Бахамас);
- Алпинистички клуб „Плоча";
- Планинарски клуб „Бел Камен" – Радовиш;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, сендвичари, кафе-барови, дискотеки, слаткарница);
- Центар за култура „Ацо Караманов'' – Радовиш;
- Библиотеката „Браќа Миладиновци'' – Радовиш;
- Верски објекти (цркви, џамии) и манастири;
- Спортско-рекреативен комплекс „Шампион";
- Ловен клуб „Готен";
- Велосипедски клуб „Јака";
- Спортско-рекреативен Риболовен клуб „КРАП";
- Мото-клуб „Џинка";
- Планинарско друшво „ПАОК Бел Камен";
- Алпинистички клуб „Плоча";
- Сувенирници: Крин, Астор, Мимоза;
- Туристички агенции (Атлантис и Орбита Турс).

## Општина Струмица

### Туристички и угостителски објекти

На територијата на општината има 11 хотели (Сириус, Илинден, Тивериопол, Централ, Вила Парк, Есперанто, Глигоров, Еми, Студио Ин, Цар Самуил и Дукат,) и еден мотел – Мотел Сент Џорџ. На територијата на општината нема одморалишта, ниту пак автокампови. Во општината не постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети, а досега не е извршена категоризација на приватни сместувачки капацитети. На територијата на општината има 9 туристички агенции (Атлантис, Сафари, Нова травел, Путник, Скала травел, Тивер, Олимпија, Икарус-и Астраи).

Во општината постојат угостителски објекти од типот на ресторани, пицерии и сендвичари, слаткарници, кои се важни за гастрономскиот туризам, кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

### Културно-историски обележја

Културниот туризам е застапен преку одржување на разни настани и манифестации (фестивалите: фестивал на камерен театар „Ристо Шишков", фестивал „Астерфест“ и фестивалот за карикатури и афоризми), изложби во рамки на обележувањето на патронот на градот Струмица, Св. Петнаесет Тивериополски свештено-маченици, Меѓународна струмичка ликовна колонија, Струмичкиот карневал како една од највпечатливите културно-фолклорни манифестации на овие простори, саемот за широка потрошувачка „Струмица Експо“, како и голем број на панаѓури кои се одржуваат во склоп на верските празници на населените места и кои имаат локален карактер.

Градот Струмица е домаќин на повеќе спортски настани кои се организираат во текот на целата година, како на пример Новогодишно – божиќен турнир во мал фудбал.

Во рамки на националната установа, Центар за култура „Антон Панов", се наоѓаат народниот театар „Антон Панов", уметничката галерија и Домот на културата со локалната библиотека „Благој Јанков Мучето". Во Струмица се наоѓа Државниот архив на Република Македонија и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј. Галеријата на икони се наоѓа во долниот дел на црквата „Св. 15 Тивериополски свештеномаченици". Кинопроекции во Струмица се вршат повремено во мултифункционалните сали на Националната установа Центар за култура „Антон Панов" и во Домот на АРМ и летниот културен амфитеатар во Градскиот парк, за проекции на филмови на отворено. Центарот за култура „Антон

Панов“, повремено се користи и како концертна сала, а со мала концертна сала располага Општинското музичко училиште „Боро Џони“.

На територијата на општината позначајни верски објекти се: Комплексот цркви „Св.  15 Тивериополски свештеномаченици“, Соборната црква „Свети Кирил и Методиј“ е  двоолтарна црква, Црквата „Св. 40 севастиски маченици”, Црквата „Св. Димитриј и Св.  Григориј Палама”, католичката црква - Црквата „Успение на Пресвета Богородица“,и Евангелско – методистичка црква.

Познати манастири на територијата на општина Струмица се: Комплексот на водочки цркви „Св.Леонтиј“ во селото Водоча, Манастирот „Св. Богородица Елеуса“, во селото Велјуса и Манастирот „Св. Илија” кој се наоѓа на планината Еленица на 4 км од Струмица.

Орта-џамија е комплекс на објекти кои се наоѓаат во старото урбано јадро на Струмица. На овој локалитет се пронајдени наоди од хеленистичкиот, римскиот, доцноантичкиот и средновековниот период.

Најпознати археолошки локалитети во општина Струмица се: Римската терма која всушност претставува доцноримско термо-минерално лекувалиште (Balneum), потоа Цареви кули кои се наоѓаат на врвот на ридот над градот Струмица, Пирг-кулата и локалитетот „Мачук“ кој се наоѓа во близина на Орта – џамија.

Спортско-рекреативни комплекси во општината се: градскиот стадион „Младост“, спортската сала „Парк“, клубот за гимнастички спортови „Партизан”, базенот и тениските игралишта „Аквариус”, базенот и тениските терени при Домот на АРМ, Картинг Струмица, Трим Патека Ловен Дом – Св. Илија.

Риболовот во Струмичкиот регион се одвива на акумулациите Водоча и Турија, река Струмица, акумулациите Маркова Река, Иловица и Дрвош.

На територијата на општината постојат: Планинарски дом „Шарена чешма” кој е сместен во падините на планината Беласица, ловниот дом кој е сместен во подножјето на Цареви кули и малиот ловечки дом кој се наоѓа во Белотино во месноста “Дрљај”.

**Природно наследство**

На територијата на општината нема национални паркови и заштитени подрачја. Osmunda regalis (кралски папрат) е ендемичен вид на папрат кој се развива на многу мал простор, а во овој регион се среќава во реоните на Банско и Габрово. Со одлука на Општина Струмица од 1987 година оваа растение се третира како заштитен вид.

На територијата на Општина Струмица функционираат 4 ловишта кои се установени како ловишта за крупен и ситен дивеч со Одлука на Владата на РМ за установување на ловишта на територијата на Република Македонија, и тоа: Водоча, Варварница, Тркајна и Беласица. Со нив стопанисува Ловното друштво “Беласица”.

Под падините на планината Беласица, во населеното место Габрово, во близина на третиот Габровски водопад постои недоволно истражена пештера за која не постојат официјални податоци за нејзиното значење.

*Во населените места Габрово (Габровски водопади) и Белотино постојат услови и можности за развој на разни форми на алтернативен туризам, посебно на селски и еко - туризам. Постојат неколку фамилии од ова населено место кои нудат најразлични услуги наменети за странските туристи како што се приготвување на традиционална храна, пешачење низ планината, прошетка низ селото со коњи и магариња и др.*

**<u>Чинители во областа на туризмот</u>**

- Сектор за локален економски развој;
- Центар за соработка со НВОи;
- 11 Хотели (Сириус, Илинден, Тивериопол, Централ, Студио Ин, Цар Самоил, Дукат, Есперанто, Еми, Глигоров и Вила Парк);
- Мотел Сент Џорџ;
- Планинарско - алпинистичко ориентациониот клуб „Ентузијаст” – Струмица;
- Ловното друштво Беласица – Струмица;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, сендвичари, кафе-барови, дискотеки, слаткарница);
- Национална установа, Центар за култура „Антон Панов”;
- НУ Завод и Музеј – Струмица;
- Народниот театар „Антон Панов”;
- Верски објекти (цркви, џамии) и манастири;
- Градски стадион „Младост“, Спортска сала „Парк“, Клуб за гимнастички спортови „Партизан”, Базен „Аквариус”, Тениските игралишта „Аквариус“ и Домот на АРМ;
- Ловно друштво Беласица;
- Спортско-риболовни друштва (СРД Мрена, ЗСР Шампион 2005 Струмица, СРД Бистро, СРД Трофеј);
- Центар за промоција и развој ПРОМО ИДЕЈА, Струмица;
- Туристички сојуз Струмица - Струмица;

– Сувенирници (Аквила, Бамбус-М, Гросист, Весна, Интер-делта, Класик-М, Мимоза Си Б, Тифани);
– Трговски центри, ТЦ „Глобал“;
– Туристички агенции (ТА Атлантис, ТА Сафари, ТА Нова травел, ТА Путник, ТА Скала травел, ТА Тивер, ТА Олимпија, ТА Икарус, ТА Астран и др.).

## Општина Валандово

### Туристички и угостителски објекти

На територијата на општината има 1 хотел (Анска Река). На територијата не општината нема мотели, одморалишта, ниту пак автокампови. Во општината не постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети, а досега не е извршена категоризација на приватни сместувачки капацитети. На територијата на општината нема туристички агенции.

Во општината постојат угостителски објекти од типот на ресторани, пицерии и сендвичари, слаткарници, кои се важни за гастрономскиот туризам, кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

### Културно-историски обележја

Културниот Центар „25-ти Мај” во чиј состав се киното „Хром”, Пионерскиот дом и локалната радио-станица. Во состав на Домот работи и Матичната библиотека „Гоце Делчев”, а во неговите простории се сместени повеќе културни институции и организации.

Културниот туризам е застапен преку одржување на разни настани и манифестации (Фолк Фест-Валандово и меѓународниот фестивал на турски јазик, фестивалот на пролетни веселби „Хид–бах–Шенфест“), Манифестацијата „Ракијада“, Ликовната колонија од меѓународен карактер која се организира, кај манастирот „Свети Ѓорѓи“, како и голем број на панаѓури кои се одржуваат во склоп на верските празници на населените места и кои имаат локален карактер.

Во Општина Валандово се организираат повеќе турнири во мал фудбал, фудбал, одбојка и кошарка кои најчесто се организираат во рамки празнувањето на верските празници.

Најзначаен спортски комплекс за Општина Валандово е Спортската сала „Филип II Македонски“, каде се одржуваат многу спортски настани меѓу кои и Олимпијадата за лица со интелектуална попреченост.

На територијата на општината позначајни верски објекти се: Црква „Св. Димитриј“ во Валандово, Црква „Св. Георгиј“ во Собри, Црква „Св. Ѓорѓи“ во Пирава, Црква „Успение на пресвета Богородица“ во Јосифово, Црква „Св.Димитриј“ во Градец, Црква „Св. Атанасиј“ во Удово, Црква „Св. Георгиј“ во Брајковци, Црква „Св. Димитриј“ во Балинци, Црква „Св.Параскева“ во Марвинци и Црква „Св. Архангел Михаил“ во Грчиште.

За општината најзначаен е Манастирскиот комплекс „Св. Ѓорѓи“, во кој покрај храмот, има и неколку други објекти, кои служат за сместување и преноќување на гостите.

На територијата на општината има џамии во населените места Чалакли, Калково, Казандол и Дедели, но овие џамии немаат позначајно културно историско значење.

Најпознати археолошки локалитети во општина Валандово се: Локалитетот Исар-Марвинци, потоа Марково Куле на планината Плавуш, Стакина чешма – Валандово, археолошки комплекс Валандово, Спомен - костурница - Удово и археолошкиот локалитет Каракуш-Дедели.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата – Скопје, на територијата на Општина Валандово ги има утврдено и заштитено следните споменици на културата:

- Археолошки локалитет Стакина Чешма;
- Археолошки локалитет Исар - Марвинци;
- Средновековна кула;
- Археолошки локалитет Каракуш - с. Дедели.

На територијата на оваа Општина е регистрирано Спортско-риболовно друштво „Клен’’ кое е концесионер на реката Вардар од потегот кај с. Удово сѐ до тунелот на Демир Капија.

На територијата на општината нема планинарски и ловечки домови.

**<u>Природно наследство</u>**

На територијата на општината нема национални паркови и заштитени подрачја.

На територијата на Општина Валандово се среќаваат многу ретки растенија кои немаат третман на заштитени врсти, но се значајни и треба да имаат посебен режим на заштита, како што се дабот (прнар) - kuerkus coccfera, фоја (тиса) - uniperus ehcelsa и поединечни стебла на култивирани растенија на дрво човек -

arbutus andrachne. Во месноста Извор (општина Валандово) има јавор стар преку 700 години.

На територијата на Општина Валандово функционираат две ловишта кои се установени како ловишта за крупен и ситен дивеч со Одлука на Владата на РМ за установување на ловишта на територијата на Република Македонија, и тоа: Честово и Башибос. Со нив стопанисува Ловното друштво „Орел“.

*На територијата на оваа Општина нема позначајни активности за развој на алтернативните форми на туризам.*

**Чинители во областа на туризмот**

- Одделение за локален економски развој;
- Хотел „Анска Река“;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, сендвичари, кафе-барови, дискотеки, слаткарница);
- Планинарското друштво „Југ” – Валандово;
- Културниот Центар „25-ти Мај”;
- Спортската сала „Филип II Македонски“;
- Ловно-стрелачко друштво „Орел“;
- Спортско- риболовно друштво „Клен’’;
- Сувенирници („Флора 95”, „Кармен”, „Уникат Комерц”);
- Верски објекти (цркви, џамии) и манастири.

## Општина Василево

**Туристички и угостителски објекти**

На територијата на општината има 1 хотел (Мис Стон), кој се наоѓа во с. Василево. На територијата на општината нема мотели, одморалишта, ниту пак автокампови. Во општината не постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети, а досега не е извршена категоризација на приватни сместувачки капацитети. На територијата на општината нема туристички агенции.

Во општината од типот на угостителски објекти, постои само 1 ресторан „Мис Стон“ и дискотеката „Трокадеро“.

**Културно-историски обележја**

Културниот туризам е застапен преку одржување на разни настани и манифестации (Манифестацијата Ден на празот село Градашорци, Манифестацијата Априлијада, Традиционален собир по повод верскиот празник Велигден во црквата „Св. Богородица“ во Радичево, Патронен празник на училиштето „Гоце Делчев“, Средба меѓу напредната струмичка и радовишка младина и Манифестација по повод денот на основање на општината, како и голем број на панаѓури кои се одржуваат во склоп на верските празници на населените места и кои имаат локален карактер.

Во Општина Василево се организираат Ѓурѓовденски коњски трки, Велигденски турнир во мал фудбал и Марш Варварица.

Културниот живот во општина Василево се практикува и преу Задружниот дом „Илинден“, како и Културно-уметничкото друштво „Гоце Делчев“.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата - Скопје, на територијата на Општина Василево ги има утврдено и заштитено следните споменици на културата:

- Црква „Св. Петка (Параскева)“ – Трибичино.

На територијата на општината позначајни верски објекти се: Црквата „Св. Параскева“ во Трибичино, Црква „Пресвета Богородица“ во Василево, Црква „Свети Никола“ во Градошорци, Црква „Св. Троица“ во Доброшинци, Црква „Св. Ѓорѓи“ во Едрениково, Црква „Св. Ѓорѓи“ во Пиперево, Црква „Св. Петка“ во Варварица, Црква „Успение на Пресвета Богородица“ во Владевци, Црква „Св. Спас“ во Дукатино, Црква „Св. Пророк Илија“ во Радичево, Црква „Св. Димитар“ во Седларци, Црква „Св. Илија“ во Нивичино, Црква „Св. Наум“ во Чанаклија и католичките цркви Црква „Св.Ѓорѓи“ во Чанаклија и Црква „Св. Богородица“ во Нова Маала.

Манастирски цркви или манастири има во с. Трибичино и во с. Ангелци каде се наоѓа и најпознатиот во општината, манастирот Св. Јован Златоуст.

Муслимански (исламски) храмови или џамии има изградено во селата Висока Маала, Нова Маала и Градашорци. Овие џамии немаат поголемо културно историско значење.

Најпознати археолошки локалитети во општина Василево се:

- Локалитетот „Страната“ во село Ангелци;
- Населба од античко време „Варвара“ во село Варварица;
- Археолошки локалитет „Пилат” во село Висока Маала;

- Древна населба во селото Владевци;
- Археолошки локалитети: „Блок на ЗИК”, „Крсла” и „Тумба” во атарот на селото Доброшинци;
- Мала градска населба од доцното римско време, во атарот на денешното село Дукатино, односно во месноста „Чуј Петел”;
- Археолошки локалитет „Пашаларка” во селото Едрениково;
- Населби од доцноантичкиот период: „Грамада” и „Мангала”, во селото Нова Маала;
- Археолошки локалитет „Тарласи” во селото Пиперево;
- Локалитет „Грамади” во атарот на селото;
- Археолошки локалитет „Киров Рид” кај селото Седларци;
- Археолошки локалитети: Граница– Чука” и „Манастир” во селото Сушево;
- Археолошки локалитети:Требичино, Дервени Дрибол, во атарот на селото Требичино;
- Археолошки локалитети: Градиште и Мездра, во атарот на селото Чанаклија;

На територијата на општината нема планинарски и ловечки домови. На територијата на општина Василево не се регистрани риболовни друштва.

**Природно наследство**

На територијата на општината нема национални паркови и заштитени подрачја, нити пак заштитени видови и врсти. На територијата на Општина Василево функционираат 2 ловишта кои се установени како ловишта за крупен и ситен дивеч со Одлука на Владата на РМ за установување на ловишта на територијата на Република Македонија, и тоа: Ловиштето бр.8 - Василево и Ловиштето бр.3 - Нивичино.

*Во населеното место Трибичино постојат иделни услови и можности за развој на разни форми на алтернативен туризам, посебно на селски и еко туризам (Илиева чешма и црквата Св. Параскева)*

**Чинители во областа на туризмот**

- Хотели: „Мис Стон“;
- Угостителски објекти (ресторан, дискотека);
- Културно-уметничкото друштво „Гоце Делчев”;
- Верски објекти (цркви, џамии) и манастири;

– Ловното дружество „Фазан“ – Василево;

– Сувенирница „Палма“.

## 1.1.4 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Туризам

**Табела 3.**Број и ноќевања на домашни и странски туристи по земја на припадност, 2011-2017, по општини, по години

| Општина | Туристи | 2011 | | 2012 | | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | | 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. |
| Богданци | Домашни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Странски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Босилово | Домашни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Странски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Василево | Домашни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Странски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Валандово | Домашни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Странски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | Домашни | 12.338 | 54.445 | 11.394 | 48.625 | 11.970 | 52.961 | 13.354 | 54.876 | 14.216 | 60.624 | 12.631 | 57.011 | 7.314 | 23.737 |
| | Странски | 40.870 | 64.952 | 37.696 | 60.939 | 38.517 | 64.966 | 37.093 | 64.204 | 37.445 | 62.465 | 34.895 | 66.895 | 24.006 | 38.213 |
| Дојран | Домашни | 21.440 | 103.062 | 23.325 | 109.157 | 28.369 | 128.198 | 42.448 | 195.787 | 49.590 | 222.688 | 50.921 | 237.356 | 13.177 | 57.177 |
| | Странски | 1907 | 4.265 | 2.327 | 5.298 | 3.197 | 7.158 | 5.183 | 9.946 | 5.748 | 10.514 | 6.837 | 15.334 | 5.224 | 11.880 |
| Конче | Домашни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Странски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ново село | Домашни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Странски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Радовиш | Домашни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Странски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Струмица | Домашни | 23.563 | 59.356 | 23.659 | 60.055 | 17.475 | 50.147 | 17.195 | 51.064 | 16.833 | 41.173 | 15.055 | 46.761 | 10.421 | 33.651 |
| | Странски | 6.804 | 19.879 | 8.146 | 19.741 | 7.953 | 22.519 | 8.004 | 22.197 | 7.773 | 12.877 | 7.487 | 12.435 | 4.505 | 8.603 |

**Табела 4.** Број на туристи и ноќевања во Република Македонија, по региони, по години

| Регион | Туристи | 2011 | | 2012 | | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. | турис. | ноќева. |
| **Вардарски** | вкупно | 12.064 | 21.139 | 15.867 | 25.989 | 17.196 | 30.840 | 20.667 | 39.662 | 24.308 | 39.636 | 26.064 | 41.643 |
| **Источен** | вкупно | 13.615 | 28.852 | 18.865 | 37.358 | 20.747 | 42.222 | 23.035 | 49.221 | 25.907 | 53.357 | 30.568 | 66.515 |
| **Југозападен** | вкупно | 249.746 | 1.209.187 | 251.462 | 1.198.260 | 264.826 | 1.152.651 | 269.547 | 1.095.452 | 298.057 | 1.201.927 | 322.334 | 1.228.617 |
| **Југоисточен** | вкупно | 108.555 | 312.337 | 106.978 | 305.163 | 109.982 | 327.279 | 124.707 | 401.065 | 133.328 | 412.804 | 135.092 | 437.607 |
| **Пелагониски** | вкупно | 76.469 | 208.918 | 72.054 | 174.304 | 70.312 | 162.752 | 65.527 | 154.595 | 62.019 | 157.766 | 58.355 | 141.153 |
| **Полошки** | вкупно | 29.153 | 54.787 | 29.884 | 56.055 | 30.823 | 61.652 | 29.143 | 54.419 | 30.200 | 60.574 | 27.318 | 52.590 |
| **Североисточен** | вкупно | 3.803 | 6.807 | 4.446 | 7.920 | 5.584 | 8.244 | 6.937 | 10.671 | 8.125 | 15.229 | 9.774 | 13.751 |
| **Скопски** | вкупно | 154.163 | 330.967 | 164.077 | 346.643 | 182.324 | 371.535 | 196.087 | 390.798 | 234.123 | 452.912 | 247.338 | 479.284 |

**Табела 5.** Капацитети за сместување, по региони, по години

| Регион | 2011 | | 2012 | | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр.соби | бр.легла | бр.соби | бр.легла | бр.соби | бр.легла | бр.соби | бр.легла | бр.соби | бр.легла | бр.соби | бр.легла |
| **Вардарски** | 589 | 1.701 | 689 | 1.829 | 690 | 1.819 | 666 | 1.677 | 675 | 1.696 | 699 | 1.818 |
| **Источен** | 544 | 1.606 | 599 | 1.721 | 620 | 1.826 | 637 | 1.869 | 641 | 1.894 | 669 | 1.985 |
| **Југозападен** | 16.033 | 41.454 | 16.035 | 41.458 | 16.050 | 41.411 | 16.304 | 42.025 | 16.370 | 41.917 | 16.472 | 42.105 |
| **Југоисточен** | 2.277 | 6.069 | 2.298 | 6.088 | 2.346 | 6.298 | 2.374 | 6.277 | 2.404 | 6.316 | 2.443 | 6.438 |
| **Пелагониски** | 3.330 | 1. 165 | 3.497 | 10.310 | 3.322 | 10.001 | 3.431 | 10.055 | 3.386 | 9.993 | 3.417 | 10.078 |
| **Полошки** | 1.018 | 3.058 | 1.014 | 3.059 | 1.072 | 3.153 | 1.111 | 3.330 | 1.128 | 3.443 | 1.142 | 3.507 |
| **Североисточен** | 302 | 645 | 306 | 653 | 300 | 647 | 298 | 648 | 315 | 673 | 361 | 727 |
| **Скопски** | 2.355 | 5.039 | 2.439 | 5.169 | 2.487 | 5.142 | 2.601 | 5.344 | 2.893 | 6.089 | 3.102 | 6.510 |

**Табела 6.**Туристи и ноќевања на туристи по видови објекти за сместување, по години

| Видови објекти за сместување | 2011 | | 2012 | | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно |
| **Хотели - вкупно** | 412.505 | 887.543 | 432.843 | 936.891 | 482.942 | 1.004.770 | 508.913 | 1.044.887 | 588.593 | 1.206.912 | 632.657 | 1.253.495 |
| **Пансиони** | 2.031 | 3.730 | 2.298 | 4.253 | 2.295 | 3.827 | 2.371 | 3.801 | 1.636 | 2.689 | 965 | 1.738 |
| **Мотели** | 3.485 | 5.429 | 9.486 | 17.191 | 10.918 | 20.083 | 12.831 | 23.566 | 8.438 | 17.234 | 11.659 | 16.081 |
| **Туристички апартмани** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1.563 | 4.122 |
| **Преноќишта** | 4.563 | 6.520 | 5.108 | 7.240 | 5.354 | 7.668 | 7.464 | 11.476 | 10.034 | 14.932 | 10.735 | 17.666 |
| **Бањски лекувалишта** | 27.142 | 220.053 | 27.169 | 216.185 | 27.888 | 221.687 | 28.976 | 223.663 | 28.853 | 21.5210 | 28.276 | 227.919 |
| **Планински домови и куќи** | 648 | 1.460 | 716 | 1.146 | 978 | 1.467 | 1.400 | 2.003 | 1.184 | 1.718 | 1.152 | 1.537 |
| **Работнички одморалишта** | 15.057 | 63.325 | 11.998 | 49.115 | 13.775 | 51.239 | 13.882 | 50.597 | 14.390 | 49.522 | 13.842 | 46.505 |
| **Детски и младински одморалишта** | 14.277 | 64.622 | 14.077 | 61.619 | 15.222 | 67.775 | 13.679 | 63.812 | 12.603 | 48.613 | 11.214 | 55.153 |
| **Младински хотели** | 3.543 | 6.043 | 3.630 | 5.380 | 3.428 | 5.271 | 3.588 | 5.268 | 3.439 | 5.176 | - | - |
| **Кампови** | 17.539 | 99.306 | 17.882 | 94.833 | 16.199 | 73.646 | 15.903 | 58.267 | 12.084 | 41.962 | 11.947 | 39.845 |
| **Куќи, станови за одмор и соби за издавање - вкупно** | 115.736 | 738.019 | 104.537 | 681.251 | 99.951 | 647.980 | 103.592 | 667.739 | 111.168 | 746.447 | 117.039 | 762.544 |
| **Привремени сместувачки капацитети** | 1.239 | 5.011 | 1.233 | 7.962 | 1.452 | 6.231 | 562 | 3.004 | 714 | 2.929 | 591 | 2.112 |
| **Коли за спиење** | 4.210 | 4.210 | 4.585 | 4.585 | 5.654 | 5.654 | 7.307 | 7.307 | 6.158 | 6.158 | 2.617 | 2.617 |
| **Некатегоризирани објекти за сместување** | 25.593 | 67.763 | 28.071 | 64.041 | 15.738 | 39.877 | 15.182 | 30.493 | 16.773 | 34.703 | 12.586 | 29.826 |

**Табела 7.**Туристи и ноќевања на туристи по видови туристички места, по години

| Туристички места | 2011 | | 2012 | | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно | Туристи вкупно | Ноќевања вкупно |
| **Скопје** | 141.386 | 254.553 | 152.412 | 269.813 | 168.623 | 288.682 | 181.835 | 310.802 | 220.212 | 378.253 | 228.602 | 392.798 |
| **Бањски места** | 27.441 | 220.640 | 27.430 | 216.516 | 28.405 | 222.362 | 29.532 | 224.374 | 29.169 | 215.541 | 28.276 | 227.919 |
| **Планински места** | 71.309 | 161.382 | 68.809 | 144.293 | 68.745 | 144.125 | 64.707 | 135.518 | 62.335 | 136.436 | 56.491 | 125.185 |
| **Езерски места** | 279.695 | 1.309.184 | 280.375 | 1.287.377 | 300.540 | 1.259.590 | 318.972 | 1.268.676 | 355.890 | 1.407.244 | 382.983 | 1.441.920 |
| **Други места** | 127.737 | 227.275 | 134.607 | 233.693 | 135.481 | 242.416 | 140.604 | 256.513 | 148.461 | 256.731 | 160.491 | 273.338 |

**Табела 8.** Број на соби и легла по видови објекти за сместување, по години

| Објекти за сместување | 2011 | | 2012 | | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Соби | Легла | Соби | Легла | Соби | Легла | Соби | Легла | Соби | Легла | Соби | Легла |
| **Хотели - вкупно** | 6.110 | 13.317 | 6.389 | 13.884 | 6.792 | 14.724 | 7.192 | 15.543 | 7.749 | 17.003 | 8.338 | 18.284 |
| **Пансиони** | 31 | 71 | 51 | 115 | 45 | 109 | 45 | 109 | 45 | 109 | 33 | 61 |
| **Мотели** | 152 | 371 | 296 | 670 | 296 | 673 | 319 | 699 | 308 | 662 | 347 | 772 |
| **Туристички апартмани** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 16 | 51 |
| **Преноќишта** | 79 | 184 | 84 | 195 | 99 | 238 | 136 | 336 | 169 | 386 | 172 | 399 |
| **Бањски лекувалишта** | 533 | 1.217 | 533 | 1.217 | 533 | 1.217 | 530 | 1.289 | 531 | 1.296 | 531 | 1.296 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планински домови и куќи** | 10 | 60 | 11 | 44 | 11 | 41 | 11 | 45 | 11 | 45 | 11 | 45 |
| **Работнички одморалишта** | 1.334 | 3.996 | 1.319 | 3.993 | 1.290 | 3.851 | 1.307 | 3.911 | 1.205 | 3.562 | 1.195 | 3.537 |
| **Детски и младински одморалишта** | 1.431 | 6.668 | 1.438 | 6.674 | 1.414 | 6.596 | 1.429 | 6.590 | 1.324 | 6.384 | 1.296 | 6.330 |
| **Младински хотели** | 24 | 48 | 24 | 48 | 24 | 48 | 24 | 48 | 24 | 48 | - | - |
| **Кампови** | 2.782 | 8.971 | 2.812 | 9.011 | 2.811 | 9.011 | 2.806 | 8.993 | 2.850 | 8.796 | 2.846 | 8.787 |
| **Куќи, станови за одмор и соби за издавање** | 10.817 | 26.132 | 10.917 | 26.232 | 10.767 | 26.032 | 10.869 | 26.042 | 10.819 | 26.041 | 10.837 | 26.086 |
| **Привремени сместувачки капацитети** | 541 | 1.692 | 552 | 1.584 | 461 | 1.371 | 461 | 1.367 | 461 | 1.367 | 461 | 1.367 |
| **Коли за спиење** | 123 | 384 | 123 | 384 | 123 | 384 | 123 | 384 | 123 | 384 | 123 | 384 |
| **Некатегоризирани објекти за сместување** | 2481 | 6626 | 2328 | 6236 | 2221 | 6002 | 2170 | 5869 | 2193 | 5938 | 2099 | 5769 |

**Табела 9.**Поважни индикатори во Туризмот, по години

| **Индикатори во туризмот** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Просечен број на ноќевања-вкупно** | 3.24 | 3.07 | 2.98 | 2.93 | 2.87 |
| **Просечен број на ноќевања-домашни туристи** | 4.29 | 4.22 | 4.1 | 4.11 | 4.06 |
| **Просечен број на ноќевања-странски туристи** | 2.31 | 2.21 | 2.17 | 2.13 | 2.06 |
| **Учество на домашните туристи во вкупниот број на доаѓања на туристи, во %** | 47.1 | 43.05 | 42.19 | 40.5 | 40.42 |
| **Учество на странските туристи во вкупниот број на доаѓања на туристи, во %** | 52.9 | 56.95 | 57.81 | 59.5 | 59.58 |
| **Учество на домашните туристи во вкупниот број на ноќевања на туристи, во %** | 62.3 | 59.14 | 57.99 | 56.71 | 57.17 |
| **Учество на странските туристи во вкупниот број на ноќевања на туристи, во %** | 37.7 | 40.86 | 42.01 | 43.29 | 42.83 |
| **Учество на странските туристи во хотели во вкупниот број на доаѓања на странски туристи, во %** | 89.5 | 90.39 | 88.76 | 91.21 | 92.52 |
| **Учество на ноќевањата на странските туристи во хотели во вкупниот број на ноќевања на странски туристи, во %** | 87.3 | 87.95 | 86.92 | 90.18 | 91.2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Нето-стапка на искористеност на леглата во хотелите и слични капацитети (НКД Рев.2, сектор 3, 55.1), во %** | - | - | 22.54 | 22.99 | 22.01 |
| **Нето-стапка на искористеност на собите во хотелите и слични капацитети (НКД Рев.2, сектор 3, 55.1), во %** | - | - | 36.14 | 37.18 | 35.07 |

## Угостителство

**Табела 10.** Капацитети во угостителството, по општини, според Пописот на угостителството, 2008

| | **Број на угостителски објекти** | **Угостителски објекти (%)** | **Број на седишта** | **Број на седишта (%)** | **Површина на објектите ($m^2$)** | **Површина на објектите (%)** | **Број на вработени** | **Број на вработени (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Богданци** | 31 | 0.65 | 1182 | 0.61 | 2682 | 0.79 | 77 | 0.47 |
| **Босилово** | 15 | 0.32 | 567 | 0.29 | 1056 | 0.31 | 34 | 0.21 |
| **Валандово** | 26 | 0.55 | 906 | 0.47 | 1754 | 0.52 | 61 | 0.38 |
| **Василево** | 7 | 0.15 | 262 | 0.14 | 598 | 0.18 | 20 | 0.12 |
| **Гевгелија** | 96 | 2.03 | 3794 | 1.97 | 6435 | 1.9 | 376 | 2.32 |
| **Дојран** | 23 | 0.49 | 1360 | 0.71 | 1518 | 0.45 | 69 | 0.43 |
| **Конче** | 5 | 0.11 | 139 | 0.07 | 484 | 0.14 | 10 | 0.06 |
| **Ново Село** | 32 | 0.68 | 1121 | 0.58 | 1832 | 0.54 | 102 | 0.63 |
| **Радовиш** | 67 | 1.41 | 3493 | 1.81 | 7486 | 2.21 | 194 | 1.2 |
| **Струмица** | 161 | 3.4 | 8095 | 4.21 | 13868 | 4.09 | 636 | 3.92 |

**Табела 11.** Капацитети за сместување, по општини, според Пописот на угостителството, 2008

| **Место** | **Број на угостителски објекти** | **Број на соби** | **Број на легла** | **Површина на објектите ($m^2$)** | **Број на вработени** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Валандово** | 1 | 13 | 31 | 530 | 10 |
| **Василево** | 2 | 15 | 30 | 418 | 10 |
| **Гевгелија** | 8 | 339 | 777 | 72.683 | 1.088 |
| **Дојран** | 49 | 1.216 | 3.891 | 56.962 | 142 |
| **Радовиш** | 3 | 136 | 294 | 2.490 | 44 |
| **Струмица** | 9 | 354 | 702 | 20.765 | 89 |

## 1.2 БЛАГОЕВГРАДСКА ОБЛАСТ ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА




**Благоевградска област** — една од 28-те области во Република Бугарија. Има површина од 6.798 км². Главен град на Благоевградската област е Горна Џумаја. (од 1950 г. — Благоевград). Кон оваа област припаѓаат следните Општини: Општина Банско, Општина Белица, Општина Горна Џумаја (Благоевград), Општина Неврокоп (Гоце Делчев), Општина Грмен, Општина Кресна, Општина Петрич, Општина Мехомија (Разлог), Општина Свети Врач (Сандански), Општина Сатовача, Општина Симитли, Општина Струмјани, Општина Хаџидимово и Општина Јакоруда.

Благоевградската област се простира речиси целосно на територијата на Пиринска Македонија, која пак се состои од 6 географски целини: Планината Пирин (со планината Славјанка на југ) во средишниот дел на областа; Осоговско-Беласичката планинска група која ги вклучува планините Осогово, Влаина, Малешевска Планина, Огражден и Беласица, преку кои минува границата со Република Македонија; долината и сливното подрачје на реката Струма западно од Пирин планина и околината на градот Петрич во плодна

широка рамнина (котлина); долината и сливното подрачје на реката Места источно од планината Пирин, која исто така во јужниот дел во околината на градот Неврокоп (денес Гоце Делчев) е плодна и пространа рамнина со повисока надморска височина од Петричкото поле; најзападните ридови на планината Родопи на исток од реката Места и јужниот дел на планината Рила.

### 1.2.1 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

**Министерството за туризам**

Министерството за туризам на Република Бугарија ја спроведува туристичката политика во однос на публицитет, отвореност, активен дијалог и соработка со институции, општински администрации, невладини организации, бизнис сектор и медиуми. Главниот приоритет е легално и експедитивно да се имплементира туристичката политика на земјата, да се создадат неопходните услови за развој на разновиден национален туристички производ кој ќе се промовира на домашниот и на странските туристички пазари. Активно работат на промовирање на земјата како конкурентна туристичка дестинација за одржлив туристички туризам. Се прават напори да се направи Бугарија атрактивна туристичка дестинација со својата единственост - културно наследство и природни ресурси, висок квалитет на понудените туристички производи и услуги.

Министерството за туризам е поделено на сектори, оддели и дирекции преку кои делува и ја спроведува својата политика за развој на туризмот.

Останати владини институции, идентификувани од страна на испитаниците, кои може да имаат допирни точки со развојот на туризмот, се:

- Министерство за регионален развој и јавни работи;
- Министерство за земјоделство и храна;
- Министерство за образование и наука;
- Министерство за транспорт, информатичка технологија и комуникации;
- Министерство за култура;
- Министерство за животна средина и вода.

Во склоп на Главната дирекција за туристичка политика се наоѓаат следните оддели:

- Оддел за регулирање на туристичките дејности;
- Оддел за стратешко планирање и продуктивна политика во туризмот;

- Оддел за анализи, прогнози и туристички информативни системи/.

Главната дирекција за туристичка политика ја развива туристичката политика преку:

- Развивање и ажурирање на стратегија за развој на туризмот и краткорочни концепти и програми;
- Координира и заедно со други државни органи учествува во изготвувањето на нацрт прописи за статусот и управувањето со националните летувалишта;
- Ја координира активноста на интеграција на туризмот со другите гранки на националната економија;
- Учествува во елаборацијата на нормативните акти во областа на туризмот и изготвува мислења за нацртите на нормативни акти поврзани со развојот на туризмот;
- Ја поддржува активноста за креирање на прописи за статусот и управувањето со националните летувалишта;
- Му помага на министерот за организирање и координирање на контролата на квалитетот на туристичкиот производ;
- Учествува во развојот на проекциите и нацрт-буџетот на Министерството, како и во спроведувањето на програмите од програмскиот буџет на Министерството во поглед на неговата функционална надлежност;
- Го одржува единствениот туристички информативен систем како единствена електронска база на податоци; собира, обработува, складира и ажурира податоци за Заедничкиот туристички информативен систем, вклучувајќи го и регистарот на туристички атракции.

**Образование за туризам**

**<u>Високо образование</u>**

- Југозападен универзитет „Неофит Рилски" и Американскиот универзитет во Бугарија, Благоевград каде е сместен колеџот за туризам, колеџ за економија и менаџмент и медицински колеџ;
- Шуменски универзитет „Епископ Константин Преславски“, каде во рамки на факултетот за природни науки, постои насока за туризам;
- Нов Бугарски Универзитет, Софија, има програма за менаџмент на хотелиерство и ресторански услуги;
- Економски Универзитет, Варна, во рамки на кој функционира Колеџ за туризам.

## 1.2.2 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Главната дирекција за туристичка политика на територијални единици во **Благоевград**, Бургас, Варна, Големо Трново, Видин, Казанлак, Русе и Смолјан, кои се одговорни за:

- Да се обезбеди координација и интеракција со туристичките асоцијации и организации за туристичко управување во регионот;
- Обезбедување на координација и интеракција со општинските и регионалните администрации на соодветниот регион за спроведување на туристичката политика;
- Поддршка за собирање, обработка, складирање и ажурирање на единствениот туристички информативен систем за засегнатиот регион;
- Ги поддржува активностите за формирање на национална мрежа на туристички информативни центри и соработува со центрите во соодветниот регион;
- Поддршка на активностите за организирање и координирање на контролата на квалитетот на туристичкиот производ на локално ниво;
- Реализацијата на иницијативи во соодветниот регион од туристички здруженија ако активностите и иницијативите се во согласност со целите и приоритетите на Министерството во обласа на туризмот за соодветната година, истиот е дел од Националниот туристичкиот регистар;
- ~~Тие обезбедуваат~~ Обезбедување помош за заинтересираните лица кои аплицираат за регистрација или се запишуваат во Националниот туристички регистар за примена на легислативата во обласа на туризмот.

## 1.2.3 ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ТУРИЗМОТ НА ЛОКАЛНО НИВО

### Општина Банско

**Местоположба**

Општина Банско се простира на територија од 462 km$^2$ и вбројува 8 населени места со вкупно население од 556 жители. Тие се градот Банско и селата: Гостун, Добриниште, Кремен, Места, Обидим, Осеново, Филипово. Градот Банско е административен, стопански и културен центар и се наоѓа на 925 m надморска височина, во југозападниот дел на Разлошката котлина, во подножјето на Северен

Пирин. Оддалечен е 150 km од Софија и Пловдив и 60 km од Благоевград. Градот е поврзан со високиот дел на планината и ски - зоната преку асфалтен пат и модерен лифт со кабина.

**Туристички и угостителски објекти**

Во градот Банско има околу 80 хотели („Френдс“, „Катерина", "Флоримонт каса", „Изворите“, „Вихрен“, Хотел „Бугарија“, „Кемпински хотел гранд арена“, „Глазне“, „Вила рока“, „Пирин палас“, „Ајсберг“, „Амира“, „Мартин“, „Гранд ројал“, „ГИНЕС“, „Парк-хотел Гарденија“, „Уинслоу инфинити“, „Маунтиндрим“, „Марија-Антоанетарезиденс“, „Думанов“, „Орбилукс“, „Сент Џонхил“, „Игол лоџ“, „Флоримонт“, „Маунтво Лоџ“, „Свети Иван Рилски“, „Кристал апартментс Регнум“, „Гранд монтана“, „Марајa“, „Игалс нест“, „Вихрен палас СКИ и СПА Резорт“, „Банско ројал таурс“, „Хермес“, „СПА Нарцис“, „Перун лоџ“, „Уинслоу Хајленд“, „Премиер лакшари маутин резорт“, „Божурленд“, „Адеона СКИ и СПА“, „Белведере холидеј клуб“, „Предела 2“, „Пирин ривер“, „Уајт лавина“, „Регнум апарт хотелс“, „Елегант лукс“, „Комфорт“, „Аспен“, „Гринлаиф резорт“, „Астера Банско“, „Лаки Банско“, „Емералд“, „Елегант СПА“, Регнум“, „Ројал парк“, „Свети Георги СКИ енд холидеј“, „Сеинт Џорџ Палас“, „Апартхотел клуб сезони“, „Флоримонт хајтс“, „Спорт хотел СПА и релакс“, „Евергрин“, „Олимп“, „Перун“, „Тринити резиденс енд СПА“, „Тринити резиденс“, „Танне“, „Лион“, „Уинслоу резиденс“, „Белво“, „Дрим“, „Планински рај“, „Риверсајт“, „Шато Вапцаров“, „Санрајз парк и СПА хотел“, „Мура“, „Родина“, „Бандерица“, „Маунтин парадајс при ореха“, 20 семејни хотели: „Софија“, „Ида“, „Свети Георги Победоносец“, „Вихрен“, „Панорама“, „Кралев двор“, „Елида“, „Рахофф“, „Бојанови“, „Уникато“, „Анели“, „Еделваис парк“, „Надежда“, „Бисер“, „Тодева кашча“, „Пирина клуб“, „Божур“, „Грами“, „Селена“. Во градот Банско нема мотели, бунгалови, пансиони.

Во општината постои организирана форма за понуда на приватни сместувачки капацитети, околу 60 апартмани за гости, околу 50 куќи за гости, 15 вили, со извршена категоризација и 4 Апартмани туристички комплекси („Панорама“, „Планински изглед“, „Астера Банско“ и „Каса Карина“). Овде има 1 станица за одмор – база за одмарање на РДВ и 1 туристичка спална соба (Еделваис).

Во населеното место Гостун има една куќа за гости (Воденичарова кашча).

Во населеното место Добриниште има апартман за гости (Божена), има 11 куќи за гости, со категоризација, 2 семејни хотели (Македонска крчма и Валентино 2) и 1 хотел (Орбел СПА), има околу 10 соби за гости, 2 туристички колиби (Гоце Делчев и Безбог).

Во населените места: Кремен, Места, Обидим, Осеново и Филипово не се евидентирани капацитети за сместување и останати туристички објекти.

Во Банско има голем број на угостителски објекти, како што се ресторани и меани, пицерии, барови, слаткарници и слично.

На територијата на општина Банско има 9 туристички агенции.

**Природно наследство**

Голем дел од националниот парк „Пирин" со површина од 40.332 ha, се наоѓа во пределите на општината во чии граници спаѓаат резерватите „Бајуви дупки", „Џинџирица" и „Јулен". Поради својата уникатна природа Националниот парк „Пирин" е признаен за објект од светско значење и од 1983г. е вклучен во списокот на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на светското природно наследство. Како туристички дестинации во рамките на „Пирин", се споменуваат и езерата: Кременски Езера, Поповите Езера и Попово Езеро, потоа врвовите на Пирин: Кајмакчал (Изворец), Каменитица, Малек Полежан, Момин Двор, Банови дупки, Бански Суходол, Кралев Двор, врвот Кутело, Каменица, Газеи, Полежан, Аловарника, Куклите.

Позната и атрактивна дестинација за рекреација и одмор е Рибарник "Рила Фиш", Белица.

**Културно-историски обележја**

Во Банско постои и едукатвен центар, ски центар и училиште: Банско Ски Маниа.

Верски објекти во Банско се: Црквата „Успение на Св.Богородица" и Црквата „Света Троица".

Познати музеи во Банско се: Метоха – Банско; родната куќа на Никола Вапцаров, Велјановата куќа и Бенината куќа, претворена во музеј - куќа „Неофит Рилски".

Во комплексот за забава на Бандерашка Ливада (пољана) има можности за различни спортски атракции за возрасни и деца.

*Специфичната микроклима на општина Банско допринесува за развојот во општината на зимски, планински и еко туризам.*

**Чинители во областа на туризмот**

- Комисија по туризам и екологија при Општинскиот совет;
- Центар за услуги и информации за граѓаните;
- Хотели, Апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Дом на култура, Музеи;
- Едукатвен центар, ски центар и училиште;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично;
- Сојуз за туристички бизнис – Банско;
- Алијанса за популаризирање и развој на туризмот во регионот Банско;
- Здружение „Туристичка Асоцијација Банско“;
- Туристичко друштво „Вихрен 1925“.

## Општина Белица

**Местоположба**

Општина Белица е една од помалите општини во Југозападна Бугарија, со површина од 382 $km^2$ и население од 9.493 жители. Опфаќа делови од Велишко - Виденишкиот дел од Западните Родопи, долината на река Места и јужните разграноци на источна Рила. Граничи со општините Јакоруда, Банско, Разлог, Рила, Самоков и Велинград.

**Туристички и угостителски објекти**

Во селото Белица нема апартмани за гости, апартмани туристички комплекси, бунгалови, вили, куќи и соби за гости, мотели, пансиони, хостели, колиби. Евидентирани се 3 хотели („Бор“, „Рила“ и „Здравец“).

Во населените места: Бабак, Горно Краишче (Хахањово), Краишче, Гал’бово (Гољово), Дагоново, Златарица (Гарван), Кузбово, Лотово, Орцево, Палатик и Черешевоне се евидентирани капацитети за сместување и останати туристички објекти.

Во Белица има неколку ресторани и меани, пицерии, барови, слаткарници и слично.

На територијата на општина Белица има 1 туристичка агенција.

**Природно наследство**

Областа е богата со заштитени природни области. Северниот дел на општината се наоѓа на територијата на Национален парк "Рила" - заштитен природен објект II-ра категорија по класификацијата на Светскиот сојуз за заштита на природата. Во НП "Рила" спаѓаат резерватите "Парангалица", "Централен Рилски резерват", "Риломанастирската Гора", "Ибар" и "Скакавица".

Атрактивна локација е паркот „Белица“, како дел од Националниот парк „Рила“. 17 км северно од градот се наоѓа туристичкото место „Семково“, коешто нуди многу добри услови за одмор за време на сите сезони во текот на годината. Тука се изградени ски патеки и спортски објекти.

Посебен интерес за туристите и гостите на општина Белица претставува единствениот во Бугарија и Источна Европа, Еколошки резерват за реадаптација на танцувачки мечки, во месноста “Андрианов чарк”.

Поволни за развој на алтернативен туризам, се и минералните извори: на река Златарица - термална (29˚С), слабо минерализирана вода (0,199 g/l), погодна за балнеотерапија (општинска сопственост), и во град Белица - сондажен извор на термална вода со температура од 26˚С и мал состав на растворливи минерални супстанции, погодни како за балнеотерапија така и за флаширање.

Во Белица можат да се посетат две активни древни валевици. Една е изградена на реката “Вотрачка река”, а другата на реката “Беличка”, користејќи ја чистата планинска вода на планината “Рила”.

На територијата на општината се откриени низа на села, коишто датираат од периодот на раниот неолит и антиката: античкиот објект „Беличка чука“, Тракиското карпесто селце и други.

**Културно-историски обележја**

Институции кои се задолжени за развој на културата и културните манифестации во оваа општина се: Читалиштето (солиден број на книги, машка фолклорна група, танцов состав и театарска трупа), Библиотеката (со фонд од 45.000 тома, 1 дневен весник, 1 неделник, Службен весник, музејски збирки (археологија, историја од Ренесансата до 1945 година, нова Белица, уметничка галерија, локален бит, изложба-чаршија од локални занаети), Историскиот Музеј,

Клубови и секции за млади, изложби и слично. Позначајни манифестации се: Зимска фиеста – Семково во месец февруари, Големиот општински собор - Света Богородица на 15 август, школска спартакиада на крајот на месец мај, Недела на детската книга и уметностите за деца во последната недела од месец април и други.

Во општина Белица се регистрирани 2 спортски клубови: Спорт клуб - "Четири шепи" – Белица и Спортски клуб Рила - Белица. Општината Белица има добро одржувани стадиони и спортски објекти опремени со фитнес сала, сауна, пинг-понг и многу повеќе.

Хотелскиот комплекс "Здравец" - во градот Белица има објекти за спорт - сауна, базен, фитнес, ски гардероба.

Хотелите „Рила", „Бор", „Свовор - Семково", „УАЦГ", кои се наоѓаат во одморалиштето Семково, располагаат со опрема за зимски спортови, базен, сауна, фитнес.

Познати археолошки наоѓалишта и локалитети се: Неолитска населба во локалитетот Равен; Тракиско светилиште во село Бебак (Бебашка Чука); Подрачјето „Петрева" над селото Горно Краиште и обласа Темницко на 12 км од Белица и 2 км од паркот за танцувачки мечки.

**<u>Чинители во областа на туризмот</u>**

- Комисија за здравство, социјални работи, екологија, проблеми на населби, пријави и претставки;
- Комисија за територијален и урбан развој, транспорт, општинска сопственост, земјоделство и шуми;
- Хотели, Апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби,
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Заедница центар, Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично.

## Општина Горна Џумаја (Благоевград)

### Местоположба

Општина Благоевград е најголемата по население и трета по територија во рамките на област Благоевград (со површина од 621 $km^2$). Се наоѓа во Југозападна Бугарија, во најзападниот дел на Рило - Родопскиот масив и е составена од 26 населени места. Општинскиот центар Благоевград се наоѓа во долината на река Струма, на 360 m надморска височина, во непосредна близина на југозападните падини на Рила, на главнот пат Е – 79 и 100 км јужно од Софија. Градот е оддалечен околу 20 km од границата со Република Македонија, 100 км од границата со Република Грција и 250 км од Солун. Низ градот поминува реката Благоевградска Бистрица.

### Туристички и угостителски објекти

Во Благоевград има 1 мотел (Мотел „Хит“), 1 пансион (Пансион Универзитетски центар), 2 семејни хотели („Феникс“ и „Рио“), 2 хотели („Езерац“ и хотел „Бор“) и соби за гости („Кардинал“).

Во населеното место Добрава има 1 хотел (Парк Бачиново).

Во населените места: Бело Поле, Бистрица, Бучино, Булгарчево, Габрово, Горно Харсово, Дебочица, Делвино, Дренково, Еленово, Зелендол, Изгрев, Клисура, Лешко, Лисиа, Логодаж, Марулево, Мошчанец, Обел, Падеш, Покровник, Рилци, Селишче и Церово не се евидентирани капацитети за сместување и останати туристички објекти.

*Во општина Благоевград (Горна Џумаја), според резултатите од испитаниците од комерцијалните сместувачки капацитети се наброени следните: 8 хотели, 6 мотели, 6 авто кампови, 5 планинарски и ловечки домови, 4 хостели и 7 СПА центри. Во однос на приватните сместувачки капацитети има 5 преноќишта во кои не се нуди храна, 6 пансиони во кои се нуди храна, и 5 фарми кои нудат сместување на гости.*

Во општината постојат угостителски објекти: околу 30 класични ресторани, 5 традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и над 30 кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

На територијата на општина Благоевград има 35 субјекти кои нудат туристички услуги (туристички агенции, агенти и туроператори).

**Културно-историски обележја**

Културни институции во општината се: Драмски театар „Никола Вапцаров“, Градски историски музеј Благоевград, Центар за личен и креативен развој на децата во Благоевград, Регионална библиотека, Куклен театар, Народна библиотека, читалиште „Никола Ј. Вапцаров“, Камерна опера, Уметничка галерија во стариот град Вароша.

Споменици на културата во општината се: споменикот на Македонско-одринското ополчение, споменик на Гоце Делчев на Плоштадот на Македонија или на "стариот плоштад", новиот плоштад „Г.Измирлиев-Македончето", Фонтаната со двата лавови, Спомеником на Д.Благоев, Скулптурниот состав на П. Коичев, кој се состои од три личности „Чекање", „Одмор" и „Одење", Биста-споменик на Г. Измирлиев - Македончичето на плоштадот со фонтани, Споменик на Св. Кирил и Методиј пред Националната ликовна академија, Спомен-биста на В. Левски, Биста - Спомен на П. Јаворов, Биста-споменик на Иљо Марков - Беровски / Дедо Иљо Малешевски, Барелеф на Никола Вапцаров, Споменик-костурницата на загинатите во Првата балканска војна и ослободувањето на Горна Џумаја, Споменик-костурницата на загинатите во борбата против фашизмот и „Летечкиот коњ".

Најпозната црква е Црквата „Воведение Богородичино“, во центарот на областа Вароша. Таа била изградена на местото на една постара, мала црква, на која постоел Рилски манастир и училиште. Други верски објекти се доцна средновековна црква „Св. Ѓорѓи“ во с. Габрово и средновековна црква на гробиштата с. Дренково.

Во општината има Историски музеј и Младински дом.

Архитектонски споменици во оваа општина се: Диневата куќа, Мошанска куќа, Унчевата куќа, Куќата на Георги Стоилов и Измирлиева куќа.

**Природно наследство**

На територијата на општината се наоѓа и дел од Националниот парк „Рила“, каде се наоѓа ресортот „Бодрост". На територијата на општината постојат ендемични видови на растенија (глуварче). Природскиот парк „Бачиново“, е едно од атрактивните туристички места во оваа општина (тркала на вода, топки за деца, фитнес опрема и спортски објекти, посебни излетнички места, игралишта за деца, велопарк, плажи по должината на реката Бистрица, ресторани кои служат освежителни пијалаци и традиционална локална кујна). Зоолошката градина во Благоевград се наоѓа во близина на центарот на градот и областа Вароша во

паркот Ловен дом. Винарската визба „Логодаж", се наоѓа во долина долж реката Струма во Југозападна Бугарија.

*Во општината сеуште не е развиен овој вид на туризам, но согласно размислувањата на испитаниците, како потенцијални места за развој на рурален туризам се населените места Добрава и Бучино, кои се наоѓаат во близнина на границата со Република Македонија, потоа Рилскиот манастир и езерото Логодаж.*

### Чинители во областа на туризмот

- Комисија за деца, млади, спорт, туризам и невладини организации;
- Комисија за територијално планирање, комуникација, екологија и транспорт;
- Комисија за развој на рурални средини, земјоделство и шумарство;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Југозападен универзитет „Неофит Рилски";
- Регионален инспекторат за животна средина и води;
- Регионална дирекција за земјоделие;
- Национален парк „Рила";
- Национален парк „Пирин"
- Заедница центар, Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично;
- Здружение „Туристичко друшто Ајгидик Благоевград".

## Општина Неврокоп (Гоце Делчев)

### Местоположба

Општината Гоце Делчев располага со територија од 315.8 км$^2$ и население од 31.453 жители и се наоѓа во Југозападна Бугарија, по течението на реката Места. Регионот е главно планински и граничи со општините Хаџидимово, Грмен, Банско и Сандански. Го вклучува градот Гоце Делчев и 10 села: Мосомиште, Делчево, Буково, Борово, Корница, Лжница, Брезница, Господинци, Баничан и Добротино.

Административен, стопански и културен центар на општината е градот Гоце Делчев (до 1950 г. – Неврокоп), којшто се наоѓа 103 км југоисточно од Благоевград, и 203 км оддалеченост од главниот град Софија. Најблиското морско пристаниште е градот Кавала (Грција), оддалечено 95 км. Врската помеѓу општината Гоце Делчев и соседните грчки општини се реализира преку ГКПП Илинден - Ексохи.

**<u>Туристички и угостителски објекти</u>**

Во градот Гоце Делчев има 2 хотелски комплекси („Неврокоп“ и “Барото”), 6 хотели (“Hristoff”, “Валентино”, “Викторија”, „Военен клуб”, “Егеја”, “Маламова кашча”) и 1 апартман (туристичка спална „Гоце Делчев“). Не се регистрирани мотели, хостели, пансиони, вили, бунгалови, куќи за гости.

Во населеното место Попови Ливади се наоѓа хотелот („Васи-Лена"), вилата („Брезите"), Домови за одмарање („Орелак","Булгартабак", „Атанас Тешовски"), колибите („Момини двори", „Славанка“, „Малина“). Овде се наоѓа и студентската база „Попови ливади".

Во населените места: Баничан, Борово, Брезница, Буково, Господинци, Делчево, Добротино, Корница, Лажница и Мусомишча не се евидентирани капацитети за сместување и останати туристички објекти.

Во општината постојат голем број угостителски објекти: класични и традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и над 30 кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

На територијата на општина Гоце Делчев има две туристички агенции.

Во градот Гоце Делчев е основано и работи туристичкото друштво „Момини двори", чија основна дејност е организирање и спроведување на различни туристички и спортски манифестации преку: клубови за пешачење, ски-туризам, вело-туризам, спелеолошки, планинарење, екстремни спортови - параглајдерство. Друштвото има хор за планинарски, туристички и стари урбани песни.

**<u>Природно наследство</u>**

Во реонот на општина Гоце Делчев влегува дел од територијата на Народен парк "Пирин", прогласен за таков со цел да се зачуваат уникатните екосистеми и предели на Пирин планина. Во населеното место Брезница, м. „Чала“ се наоѓаат познатите Брезнишки езера.

Во Општина Гоце Делчев се наоѓаат следните резервати:

– Орел - лоциран во планинскиот предел, шумски резерват со вековни букови шуми (Пирински чај).

– Али Ботуш - лоцирана во планината Славјанка, резрват на црн бор и црна елка
– Даркашумата - се наоѓа во западниот дел на Родопи (вековната езерска шума на езерото).
– Конскидол - лоциран на западни Родопи (вековната смрека, смрека и букова шума).

Заштитен споменик на природата на територијата на општина Гоце Делчев е водопадот на реката Туфча.

**Културно-историски обележја**

Од верските објекти позначајни се: Црквата „Свети Архангел Михаил", Црквата „Успение Богородично", манастирите („Богородица", „Роженски манастир“). Градот Гоце Делчев е центар на Неврокопската епархија, која го покрива целиот регион Благоевград. Тука е и седиштето на Митрополитот Неврокоп Натанаил.

Тука се наоѓа и познатиот и културно-историски резерват Мелник.

*Ова се исклучително интересни локации со голем туристички потенцијал поради нивната богата историја, уникатна архитектура и внатрешен дизајн.*

**Чинители во областа на туризмот**

- Постојана комисија за земјоделство и природни ресурси;
- Постојана комисија за млади, спорт и туризам;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Заедница центар, Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично;
- Здружение „Туристичко друштво Момини двори“.

## Општина Грмен

### Местоположба

Општина Грмен се наоѓа во Југозападна Бугарија, во пазувите на Западните Родопи. Таа опфаќа делови од долината на река Места и од западните падини на Дабрашкиот дел на планината. Општината ги вклучува село Грмен - административен, стопански и културен центар и уште 15 села. Грмен се простира 7 км североисточно од градот Гоце Делчев, на околу 550 м надморска височина. Оддалечен е 210 км југоисточно од Софија.

### Туристички и угостителски објекти

Во неселеното место Балдево, има куќа за гости „Бутик хаус“.

Во населеното место Горно Дреново исто така има куќа за гости „Деанира“.

Во населеното место Крушево има куќа за гости „Прав Камен“.

Во населеното место Скребатино има куќа за гости „Калпаците“.

Во населеното место Лештен има 5 куќи за гости: „Вера, Надежда, Љубов“, „Тризнаците“, „Марина кашча“.

Во населеното место Марчево има 2 хотели („Минерални извори“ и „Сани“) и 5 куќи за гости („Касал хилс“, „Замака“, „Ајнштаин“, „Обарнатата кашча“, „Пиринлиева“)

Во населеното место Ковачевица, има 8 куќи за гости како што се: „Мелчина кашча“, „Белата кашча“, „Карагериовата кашча“, „Жарова кашча“, „Ристевата кашча“, „Коповата кашча“, „Канина“, „Калиниа“.

Во населеното место Огњаново има 3 хотели („Терма Вита“, „Елис“ и „Петрелиски“), 3 семејни хотели („Парадаис“, „Чинара“ и „Алексовата кашча“), и 13 куќи со соби за гости.

Во населеното место Грмен има 3 куќи за гости.

Во населените места Дебрен, Долно Дреново, Дабница, Ореше, Осиково иРибново не се евидентирани капацитети за сместување и останати туристички објекти.

Во општината постојат неколку угостителски објекти: класични и традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и неколку кафе-барови и дискотеки за забава.

**Природно наследство**

Природното наследство во оваа општина е претставено со: резерватот „Темната Гора“, кој е прогласен за заштитено подрачје, којсе наоѓа во населеното место Ковачевица и Огњановски минерални бањи (н.м. Огњаново), лековити бањи од регионално значење за развој на овој вид на туризам. „Козјиот камен“ и „Црната карпа“ во населеното место Ковачевица, потоа камените формации пред шумата „Беслет“ и длабокиот кањон во населеното место Ковачевица. Вековните чинари во селото Грмен, кои се стари 600 години, Вековните бели тополи во селото Дубница, Пештерата „Маноилова дупка“во населеното место Осиково, Пештрата „Ризова дупка“, култниот комплекс со камени глави и долмени во близина на Долно Драново, Канинската екопатека (соработка помеѓу општина Босилово и општина Грмен),исто така се дел од природните знаменитости на општина Грмен.

**Културно-историски обележја**

Nicopolis ad Nestum е еден од трите градови на Балканскиот Полуостров основани од римскиот император Трајан, познат како „Град на победата на Места"

Историски места во оваа општина се: Кара таш и Партизански мост.

Познати верски објекти, а воедно и споменици на културата во оваа општина се: Црквата „Свети Георги“ и Црквата „Свети Никола“. Скоро во сите населени места во оваа општина постојат читалишта, библиотеки.

*Селото Лештен е едно од најатрактивните и автентични центри за рурален туризам во Бугарија. Петнаесетте обновени стари куќи нудат карактеристична ренесансна атмосфера комбинирана со модерен комфор.*

**Чинители во областа на туризмот**

- Комисија за територијално планирање, земјоделство и шуми, животна средина и туризам;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Заедница центар, Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично.

## Општина Кресна

### Местоположба

Општина Кресна е една од помалите општини во Југозападна Бугарија, со површина од 341 $км^2$. Опфаќа дел од долината на река Струма со Кресненската клисура и делови од западните расклони на Северен Пирин и Североисточните падини на Малешевската планина. Се граничи со општините Симитли, Разлог, Банско, Струмјани и со Р. Македонија. Градот Кресна е административен, стопански и културен центар на општината. Се простира 42 км јужно од Благоевград и 23 км северозападно од Сандански. Низ него минуваат меѓународниот пат Е - 79 и железничката линија Софија - Кулата - Атина.

### Туристички и угостителски објекти

Во градот Кресна има два семејни хотели („Бриони“ и „Стримон“), и една куќа за гости позната како хотел „Македонија“.

Во населените места: Будилици, Влахи, Горна Брезница, Долна Градешница, Оштава, Сливница и Стара Кресна, не се евидентирани капацитети за сместување и останати туристички објекти.

Во општината постојат голем број угостителски објекти: класични и традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и над 30 кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

На територијата на општина Кресна нема туристички агенции.

Туристичката компанија „Синаница 2000" во Кресна има основна дејност - развој на туризмот и спортот на територијата на општина Кресна и во странство. Стопанисува со туристичката колиба „Синаница", на брегот на Синанишкото езеро.

Во општината е формирана и успешно функционира школа за природа, која има за цел да ги едуцира децата, учениците и возрасните, за тоа како да живеат во склад со природата, одржливо да ги користат ресурсите и да ја зачуваат природата и за идните генерации.

Исто така во рамките на оваа општина постои Центар за одгледување на големи предатори, каде се одгледуваат живи волци и мечки во нивната полуприродна средина.Тој е оформен и со него стопанисува Друштвото за дива природа „Балкан", која работи за заштита и реставрација на флората и фауната во природните екосистеми, нивно чување за идната генерација и подигнување на еколошката свест меѓу пошироката јавност.

**Културно-историски обележја**

Позначајни верски објекти во оваа општина се: Црквата „Свети пророк Илија“, во селото Влахи, храмот споменик-косурница „Свети Иван Рилски“ и Манастирот „Свети пророк Илија“ во село Горна Брезница.

**Природно наследство**

Познати природни обележја во оваа општина се: Кресненскиот пролом, Влахинскиот водопад „Скакалото“ и скалестите формации „Орлите“.

Оштавските минерални бањи (Баните), се група од пет минерални извори кои се наоѓаат на околу 600 метри надморска височина, но само два од нив се практични –Ладната и Врелата бања.

**Чинители во областа на туризмот:**

- Комисија за територијално планирање, земјоделство и шуми, животна средина и туризам;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Заедница центар, Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристичката компанија „Синаница 2000" Кресна;
- Туристичко друштво „Перун“;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Школа за природа;
- Центар за одгледување на големи предатори;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично.

## Општина Петрич

**Местоположба**

Општината Петрич (650,13 км$^2$) се наоѓа во Југозападна Бугарија. Ја опфаќа Петричката котлина, поголемите делови (во Бугарија) на планините Беласица и Огражден и југозападните делови на Јужен Пирин. Дел од нејзините граници се

совпаѓаат со државните граници на Република Бугарија, со Република Грција и Република Македонија, а останатиот дел со општините Сандански и Струмјани. Општината е составена од 57 населени места - градот Петрич и 56 села. Административен, стопански и културен центар на општината е градот Петрич. Се простира 79 км југозападно од Благоевград, во јужниот дел на котлината, во северното подножје на Беласица.

**Туристички и угостителски објекти**

Во населеното место Боровичане има 2 куќи за гости.

Во населеното место Драгуш има 1 куќа за гости.

Во населеното место Дрангово има 1 мотел „Хановете“.

Во населеното место Марикостиново има 1 хотел „Мантар“.

Во населеното место Чучулигово има 1 хотел „Комитите“.

Во градот Петрич има 3 хотели („Место за одмор“, „Бац“ и „Хотел Бугарија“) и 3 куќи за гости.

Во населените места: Баскалци, Беласица, Богородица, Вишлене, Волно, Габрене, Гега, Генерал Тодоров, Горчево, Долене, Долна Крушица, Долна Рибница, Долно Спанчево, Дреновица, Дреново, Зоичане, Иваново, Кавракирово, Камена, Капатово, Кладенци, Клоч, Коларово, Кромидово, Кранджилица, Кукурахцево, Кулата, Карналово, Марино Поле, Мендово, Митино, Михнево, Ново Кономлади, Право Бардо, Парвомаи, Рибник, Рупите, Раждак, Самуилова Крепост, Самуилово, Скрат, Старчево, Струмешница, Тонско Дабе, Тополница, Чурилово, Чуричени, Јаворница и Јаково не се евидентирани капацитети за сместување и останати туристички објекти.

Во општината постојат голем број угостителски објекти: класични и традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, кафе-барови и дискотеки за забава.

На територијата на општина Петрич има 8 субјекти кои нудат туристички услуги (туристички агенции, агенти и туроператори).

**Културно-историски обележја**

Градски историски музеј, трансформиран во Урбан историски музеј, кој е сместен во Читалиштето „Браќа Миладинови" и има повеќе од 10 000 музејски експонати во четири одделенија: археологија, етнографија, бугарски земји XV - XIX

век, нова и понова историја и оддел за Национален парк музеј "Самуилова крепост (тврдина)", како и меморијалнио комплекс „Самуилова крепост“ (тврдина).

Музејот - куќа „Ванѓа" во Историскиот музеј - Петрич е еден од најпосетуваните туристички локалитети во Петрич. Тојго претставува живеалиштето на пророкињата Ванѓа по нејзиното преселување во Петрич до почетокот на 1990-тите, како и повеќе од 3000 објекти поврзани со нејзиниот живот. Исто така овде е сместен и комплексот Ванѓа.

Традиционалните празници и обичаи во општина Петрич се поврзани со христијанскиот празничен календар. Сите големи верски празници - Бадник, Рождество Христово (Божик), Василовден, Јорданов и Иванов ден, Заговезни, Воскресение Христово (Велигден), Трифон Зарезан, Ѓурѓовден, Петровден, Илинден, Света Богородица, Митровден, се почитуваат и слават со свечени служби во црковните храмови. Многу привлечно е и празнувањето на Цветници (неделата пред Велигден), кога во околината на колиба "Беласица" се организираат културни и спортски настани.

Верски објекти во оваа општина се: храмот-споменик на „Света Петка Бугарска“ во с.Рупите и Чуриловскиот манастир „Свети Ѓорѓи“. Античкиот град Хераклеа Синтика е древен град во денешна Југозападна Бугарија, чии урнатини се наоѓаат на територијата на село Рупите.

**<u>Природно наследство</u>**

Значајни природни обележја на територијата на општина Петрич се: Природниот парк Беласица, која е прогласена за заштитено подрачје, за зачувување на ендемични, растителни и животнисни видови, уникатни и претставителни заедници и екосистеми; Резерватот на „Али ботуш” се наоѓа на планината Славјанка, која се наоѓа јужно од Пирин (уникатни реликвиски шуми составени од Pinus leucodermis, Pinus nigra, Abies borisii-regis, како и најголема плантажа на Пинус нигра на Балканскиот полуостров); Рупите е заштитено подрачје, каде ридот е изграден од вулкански карпи, дел од заштитеното подрачје Рупите е познато по своите лековити минерални извори.

**<u>Чинители во областа на туризмот</u>**

- Комисија за транспорт и екологија;
- Комисија за култура, спорт и екологија;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби; Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Заедница центар, Дом на култура, Музеи;

- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично;
- Туристичко друштво „Калабак“;
- Здружение „Млад планинар“.

### Општина Мехомија (Разлог)

**Местоположба**

Општината Разлог (440.314 $km^2$) се простира во истоимената котлина во Југозападна Бугарија, помеѓу планините Пирин, Рила и Родопи. Се состои од 8 населени места: Разлог и 7 села. Општината Разлог е позната со своето водно богатство - многу реки и притоки на реката Места, подземни води, карстни и топли минерални извори - во село Бања, во месноста „Катарино“, во близина на градот, потоа во месноста „Рждавец“ – с. Бачево и во с. Елешница. Административен, стопански и културен центар на општината е градот Разлог.

**Туристички и угостителски објекти**

Во градот Разлог има 22 куќи со соби за гости, 12 апартмани за гости, 8 вили, 2 семејни хотели („Надежда“ и „Кашта крај реката“), 15 хотели („Гринвуд“, „Тера комплекс“, „Мурите“, „Хотел 3 планини“, „Хотел Разлог“, „СПА-Хотел Катарино“, „Балканско Бижу“, „Пирин голф“, „Раденика Палас“, Пирин голф и Кантри клуб“, „Аспен“, „Пирин Резиденс“), хотелскиот комплекс „Пирин голф“ и туристичкото селце „Раденка голф и СКИ клуб“.

Во населеното место Бања има 1 пансион („Вила бања“), 7 хотели („Спринг медикал и СПА хотел“, „Аквилион СПА“, „Термо СПА хотел и римска бања“, „Грин пис СПА“, „Пирин“, „Римска бања“ и „Аспа вила“) и 15 куќи со соби за гости.

Во населеното место Бачево има 1 семеен хотел („Русалиите“) и 4 куќи со соби за гости.

Во населеното место Годлево има 3 семејни хотели („К2“, „Рада“ и „Асенова кашта“) и 1 куќа со соби за гости.

Во населеното место Горно Драглиште има 1 семеен хотел („Руди“).

Во населеното место Добарско има 1 куќа со соби за гости.

Во населените места: Долно Драглиште и Елешница, не се евидентирани капацитети за сместување и останати туристички објекти.

*Според одговорите од анкетниот прашалник во општина Мехомија (Разлог) има 5 мотели, 5 планинарски и ловечки домови, 4 хостели и 6 СПА центри. Во однос на приватните сместувачки капацитети постојат 5 преноќишта без храна и 1 фарма со сместувачки капацитет.*

Во општината постојат угостителски објекти: 5 класични ресторани, 5 традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и околу 10 кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

На територијата на општина Разлог има регистрирано 6 субјекти кои нудат туристички услуги (туристички агенции, агенти и туроператори).

**<u>Културно-историски обележја</u>**

Разлог е град во кој се зачувани објекти од типот на куќата Разлог-Чепино. Повеќето од нив се наоѓаат на плоштадот Македонија и улицата „Възраждание“ во градот, како на пр. куќата на Парапунов, претворена во историски музеј, како и куќата на Кипера. Историскиот музеј во градот Разлог е сместен во домот на Никола Парапунов.

Институции кои се задолжени за развој на културата во општината се читалиштата (библиотеките), детските градинки и образовните изнституции.

Колибата "Јаворов" се наоѓа во близина на најобемниот алпинистичкиот карст на планината Пирин. Во близина на колибата има многу планински атракции, тоа е популарна почетна точка на патот за шетање на сртот на северниот рид Пирин.

Верски објекти во општината се: Црквата "Св.Теодор Тирон и Теодор Стратилат", Црква „Св.Великомаченик Георги Победоносец”, Црква „Св.Екатерина“, Црква „Благовештение“ и др.

**<u>Природно наследство</u>**

На територијата на општина Разлог, заштитено подрачје е дел од Националниот парк „Пирин“. Во НП Пирин се идентификувани 182 лековити растенија, 2 ендемични видови, 10 видови се вклучени во Црвената книга на Бугарија, 6 се заштитени со Законот за лековити растенија. Видовите кои се од голема корист се: дрозд, црвен кантарион, жолт кантарион, маточина, жаблек, риган, матерка, теснолистживовлек, јаглика, камшик, шипинка, глог, горска јагода, кисел трн. Во НП Пирин има 45 видови на цицачи, од кои 5 видови се вклучени во Црвениот каталог на Бугарија, во Црвената листа на Меѓународната унија за

заштита на природата - 12 видови, во Европската конвенција за заштита на дивата флора и фауна и природни живеалишта - 37 видови и во Европската директива за заштита на природата природни живеалишта - 24 видови. Во Пирин НП постои најголема популација на дивокоза, која е балкански ендемичен.

*Испитаниците потенцирале дека општина Разлог иако е мала општина и има мал број на населени места, исто така има одлични услови за развој на селски (рурален) туризам. Во моментот во с. Добарско има обиди за развој на селски туризам.*

**Чинители во обласа на туризмот**

- Комисија за транспорт и екологија;
- Комисија за култура, спорт и екологија;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во обласа на животна средина, одржлив развој и слично;
- Здружение „Долината на Места“.

## Општина Свети Врач (Сандански)

**Местополжба**

Општината Сандански се простира на територија од 998,4 $km^2$ и претставува најголемата територија после Благоевградската област. Опфаќа 54 населени места: градовите Сандански и Мелник и 52 села. Се наоѓа помеѓу величествениот Пирин и се граничи со Република Грција и Република Македонија. Општината зафаќа голем дел од широката Петричко - Санданска котлина и живописната долина на средна Струма. Административен, стопански и културен центар на општината е градот Сандански. Се наоѓа во југозападните падини на Пирин планина, по двата брега на реката Санданска Бистрица и се одликува со најголемото времетраење на сончевото зрачење во земјата од 2.506 ha.

**Туристички и угостителски објекти**

Во населеното место Поленица има 3 апартамни за гости, 1 семеен хотел („Колозео“), 12 соби за гости, 3 хотели („Карталовац“, „Колозео“, „Свети Врач“),

Во населеното место Зорница има 1 куќа со соби за гости,

Во населеното место Лиљаново има 1 куќа со соби за гости,

Во насленото место Мелник има 1 апартман за гости, 1 бунгалов „Стариот чинар“, 3 куќи со соби за гости, 1 семеен хотел „Свети Никола“, 1 хотел „Мелник“, 3 соби за гости.

Во градот Сандански има 2 апартамни за гости, 1 бунгалов „Сан сити“, 1 пансион „Екокампус“, 1 станица за одмор (почивна станица) „Тевно езеро“, 2 куќи со соби за гости, 5 семејни хотели („Балевуров“, „Свети Георги“, „Сантана“, „Финикс“, „Авис“), 6 хотели („Парк хотел Пирин“, „Медите“, „Хотел Европас“, „Панорама“, „Хотел Свети Никола“, „Интерхотел Сандански“), 15 соби за гости.

Во општината постојат угостителски објекти од типот на класични ресторани, традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и повеќе кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

На територијата на општина Сандански има регистрирано 14 субјекти кои нудат туристички услуги (туристички агенции, агенти и туроператори).

**Природно наследство**

Општината Сандански  зафаќа делови од Националниот парк „Пирин“, којшто е вклучен во списокот на УНЕСКО за заштита на светското природно и културно наследство. Исклучително големо природно богатство за општината се минералните извори поради нивната хидрокарбонатна - сулфатна содржина. Градот Сандански е прогласен за најдобрата природна клиника за лекување на заболувања на горните дишни патишта.

**Културно-историски обележја**

Позначајни верски објекти се: Црквата „Свети Георги“ во Сандански, Црквата „Света Варвара“, Црквата „Свети Антониј“, Црквата „Свети Петар и Павле“, Црква „Свети Никола Чудотворец“, Црква „Света Петка Параскева“, Црква „Свети Георги Победоносец“ во с. Златолист, Митрополитска црква „Свети Никола“, Манастирот „Свети Козма и Дамјан“, Манастирот “Свети Харалампие”, Манастирот „Света Богородица Спилеотиса“ (света зона), Манастирот „Света Богородица

Пантанаса“, Роженски Манастир, како и ранохристијанскиот комплекс и епископскиот комплекс.

Археолошкото наследство во општината е едно од најбогатите и најразновидни во Бугарија со 5.000 споменици на културата, опфаќајки го периодот од најраните епохи до Доцното Средновековје. Најпознати археолошки локалитети се: Археолошки музеј Сандански, Базиликата на Епископ Јоан, Римскиот мост, Турскиот конак, Кордопуловата кашта, Историскиот музеј во Мелник и Архитектурен резрват во Мелник, Музејната збирка на јаворов во село Голешево, Етнографски музеј во село Дебрене и чешма-споменик во село Левуново.

**Чинители во областа на туризмот**

- Комисија за транспорт и екологија;
- Комисија за култура, спорт и екологија;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично;
- Здружение на хотелиерите, сопственици на ресторани и туроператори – Сандански;
- Здружени „Туристичко друштво Еделваис“.

## Општина Сатовча

**Местоположба**

Општината Сатовча се простира на територија од 323 km² и опфаќа делови од долината на река Места и југоисточниот дел на Дабрашкиот дел на Западните Родопи. Административен, стопански и културен центар на општината е село Сатовча, коешто се наоѓа во истоимената котлина, на околу 950 m надморска височина. Оддалечено е 28 км североисточно од градот Гоце Делчев, на магистралниот пат Гоце Делчев - Доспат.

**Туристички и угостителски објекти**

На територијата на општина Сатовча се наоѓаат хотелите („Зенит“, „Киби-Ексим“ во местото Сатовча, „Велентино“ во с. Долен, „Естел“ во с. Кочан и хотелскиот комплекс „Дабраш“). Исто така на територијата на општината се наоѓа и општинскиот туристички центар во месноста „Плетенски чарк“.

Во општината постојат угостителски објекти од типот на класични ресторани, традиционални ресторани, меани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и неколку кафе-барови и дискотеки за забава.

**Природно наследство**

На територијата на општина Сатовча има повеќе локации, кои имаат статус на заштитени подрачја:

- Резерват „Коњски дол", лоциран на територијата на општина Сатовча, село Плетена. Се состои од вековна мешана шума од ела, смрека и бука. Некои дрвја се високи 54 метри;
- Резервоар за темни шуми, кој се наоѓа на границата меѓу општината Сатовча и општината Гармен;
- Заштитено подрачје „Бачишта", сместено во селото Сатовча.

Државната ловечка фарма Дикчан, за љубителите на ловечките авантури, е најпосакувано ловечко и одморалиште помеѓу огромните ливади и вековните дрвја.

Во областа Сатовча има неколку познати пештери: Мечата дупка во селото Плетена, Извора и Меча дупка во село Кочан и Стапалките во селото Слаштен.

**Културно-историско наследство**

Историски знаменитости - културно-историско резерват во село Долен. Долен е населба со културни споменици од национално значење, со статус на историски и архитектонски резерват. На територијата на селото Долен има 70 споменици на културата од ренесансата.

На територијата на општината има повеќе од 10 римски мостови.

Во областа Сатовча постојат многу тракиски светилишта. Од деветте тракиски кормила пронајдени на територијата на Бугарија, пет се пронајдени на територијата на општината Сатовча.

Постојат многу христијански споменици во областа како што се Акинаса, Клишата, Црква, кои се изградени на самите тракиски светилишта.

По течението на реката Бистрица, која поминува низ општината Сатовча, постојат пет римски мостови.

Во областа Сатовча има над 1300 фонтани.

Специјалитетите од регионот се подготвени од месо и зеленчук, а секое село има свој рецепт. Единствената бреза за џвакање е направена само овде, каде што е најголемиот природен брезарски масив на Балканот.

Едно од поважните бележја е реставрација на традиционалната свадба од селото Плетена.

Традиционални занаети и начин на живот: Уникатни ткаенини, традиционални носии, алати и апарати за домаќинство, тајниот говор на мускетари.

**Чинители во областа на туризмот**

- Комисија за култура, спорт и екологија;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Дом на култура, Музеи;
- Државната ловечка фарма Дикчан;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично.

## Општина Симитли

**Местоположба**

Општината Симитли се простира на територија од 529 km$^2$. Се наоѓа во Симитлиската котлина по средниот тек на реката Струма, на падините на 4 планини: Рила, Пирин, Влахина и Малешевска. Во состав на општината влегуваат административниот центар - градот Симитли и 17 села. Се граничи со Благоевградската, Разлошката и Кресненската општина и со Република

Македонија. Општинскиот центар – градот Симитли се наоѓа на крстопат. Оттука поминуваат стратешки важните за нашата земја и Европската унија, патишта што водат кон Република Грција и Република Македонија. Географската местоположба и добро развиената инфраструктура даваат можност за меѓугранична економска и културна соработка и развој на туризмот.

**Туристички и угостителски објекти**

Во населеното место Ракитна, постои Туристички центар за обука – Вила Фауна.

Во градот Симитли има 1 хотел („Хотел ди Марио“).

Во општината постојат угостителски објекти од типот на класични ресторани, традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и повеќе кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

На територијата на општина Сандански нема регистрирано субјекти кои нудат туристички услуги (туристички агенции, агенти и туроператори).

**Природно наследство**

На територијата на општината се наоѓаат и делови од Националниот парк „Пирин" и „Рила". Големиот број на заштитени области со ресурси за еко - туризам и пешачки патеки.

На територијата на општината постојат голем број на минерални извори со лековити својства кои се вистинско богатство за развој на општината во балнеолошки центар.

**Културно-историски обележја**

Во регионот се наоѓаат Црквата „Св. Архангел Михаил”, с. Крупник, потоа Црквата „Света Богородица“ во Симитли, Црквата „Свети Петар и Павле“ во Мечкул, Црквата „Свети Илија“ во Градево, Црквата „Света Петка“ во Тросково. На територијата на општината се наоѓа Тросковскиот (Брестовскиот) Манастир и Мегалитското скално светилиште Св. Мина, која се наоѓа во месноста Амина во близина на с. Мечкул.

Туристички атракции, локалитети на територијата на општината се:

- Величествените скалести формации, позднати и под името „Коматица“, се издигнуваат над с. Брестово, на Влахина планина во непосредна близина до границата со Македонија;
- Градскиот парк е место за одмор, спорт и рекреација на жителите и гостите. Паркот е реновиран и располага со атрактивни содржини и детски игралишта, игралишта за фудбал, тенис и кошарка, фитнес на отворено, излетнички места за подготовка на скара и паркинг. Се поминува преку паркот за да се дојде до градскиот минерален базен;
- Рафтинг по река Струма;
- Спортски комплекс „Септември“;
- Центар за диви животни во с. Ракитна, во кој се одгледуваат елени лопатари и копнени желки.

**<u>Чинители во областа на туризмот</u>**

- Комисија за култура, спорт и екологија;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички центар за обука – Вила Фауна;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во обласата на животна средина, одржлив развој и слично.

## Општина Струмјани

**<u>Местоположба</u>**

Општината Струмјани зафаќа територија од 366 km$^2$ и опфаќа делови од долината на Средна Струма, западните падини на Пирин и источните падини на Малешевската планина. Во нејзиниот состав влегуваат 21 населено место. Од нив единствено с. Илинденци се простира во пазувите на Пирин. Се граничи со општините Кресна, Сандански, Банско, Петрич и со  општина Берово (Република Македонија).

Административен, стопански и културен центар на општината е село Струмјани. Се наоѓа во северниот дел на Санданската котлина, на левиот брег нареката Струма. Оддалечено е 12 км северозападно од градот Сандански, покрај меѓународниот пат Е - 79. Проектираниот автопат „Струма“, дел од Еврокоридорот бр.4, истотака поминува низ општината. Селото Струмјани има железничка станица на меѓународната железничка линија Видин - Софија - Кулата - Солун - Атина.

**Туристички и угостителски објекти**

Во населеното место Илинденци има 9 куќи со соби за гости.

Во градот Струмјани има 1 куќа со соби за гости („Благовеста”) и 1 семеен хотел („Би Ес Би Струма Долината“).

Во населените места: Велошец, Вракуповица, Гореме, Горна Крушица, Горнаљ Рибница, Добри Лаки, Драката, Игралиште, Каменица, Клепало, Колибите, Карпелево, Махалата, Микрево, Никудин, Палат, Раздол, Седелец и Цапарево, не се регистрирани туристички објекти.

Во општината постојат угостителски објекти од типот на класични ресторани, традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и повеќе кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

На територијата на општина Струмјани нема регистрирано субјекти кои нудат туристички услуги (туристички агенции, агенти и туроператори).

**Природно наследство**

Западните делови на НП „Пирин", спаѓаат во границите на општината Струмјани и го зафаќат североисточниот дел. Тој е со национално и меѓународно значење. Вклучен е во листата на ОН за Националните паркови и во списокот на УНЕСКО на Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство. Присуството на 30 пештери во реонот на с.Илинденци, езера и пасишта, каде се среќаваат ретки растенија, како на пример: пиринска теменуга, еделвајс, обичен трн, прнар и други.

Резерват „Сокол" е заштитен со цел да се задржи вековната високостеблена Гора од благун, која е карактеристична за регионот на Малешевска планина

флора и фауна. Типичен шумски резерват - дрво вид благун (Quercus frainetto) е со возраст над 250 години.

Камениот феномен „Желка" се наоѓа на 2 километри североисточно од селото Илинденци во областа „Кајаси".

**Културно-историски обележја**

На територијата на општината Струмјани има многу знаменитости - археолошки локалитети од тракискиот период, раното и подоцнежно средновековје и од Преродбата. Поголемиот дел од црковните храмови во селата и тамошните куќи ги носат типичните белези на преродбеничкиот архитектонски и уметнички стил.

Три од нив и дел од куќите се прогласени за споменици на културата - црквата „Св.Димитар" во с. Палат, црквата „Света Богородица" во с. Вељушец, црквата „Св. Анастасиј" во с. Горна Рибница и црквата „Успение Богородичино" во с. Игралиште. Во Струмјани има и историски музеј со богата експозиција (музејска колекција Струмјани).

На територијата на општината се наоѓаат и ранохристијанската епископска базилика, црната скала, камената гробница, пасторичната населба во местото Масовец, архитектонскиот комплекс во с. Палат и АРТ Центар во с. Илинденци.

Општината е домаќин на три меѓународни настана: Меѓународниот фолклорен фестивал „Малешево пее и танцува" во с. Микрево, Меѓународен симпозиум на скулптурата и Празник на боговите на виното во Илинденци.

**Чинители во областа на туризмот**

- Комисија за култура, спорт и екологија:
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично.

## Општина Хаџидимово

### Местоположба

Општината Хаџидимово се наоѓа во Југозападна Бугарија, на територијата на Благоевградската област. Територијата на општината го опфаќа најјужниот дел на источните падини на Пирин планина, дел од планината Славјанка, помал дел од југозападните падини на Дабрашкиот рид на Запаните Родопи и дел од Гоце Делчевската котлина и долината на река Места. Поседува добар природен и биоклиматски потенцијал. Општината Хаџидимово зафаќа површина од 327,8 $km^2$ со население од 9.978 жители. Во своите граници вбројува 15 населени места: градот Хаџидимово и 14 села. Центарот на општината – градот Хаџидимово е оддалечен 115 км од областниот центар - градот Благоевград, 212 км од главниот град Софија, 161 км од градот Пазарџик преку Јакоруда и Јундула, 199 км од Пловдив и 17 км од државната граница со Република Грција (ГКПП „Илинден“).

### Туристички и угостителски објекти

Во општината Хаџидимово има околу 20 туристички капацитети, во голем дел се куќи и апартмани со соби за гости и се наоѓаат во неколку населени места.

Во населеното место Тешово има 3 куќи со соби за гости.

Во населеното место Абланица има 5 куќи со соби за гости.

Во населеното место Гајтаново има 3 семењи хотели („Белите скали“, „Бреза“ и „Ела“) и 9 куќи со соби за гости.

Во населените места: Беслен, Блатска, Илинден, Копривлен, Лаки, Нова Ловча, ново лески, Парил, Петрелик, Садово, Теплен и Хаџидимово, не се регистрирани туристички објекти.

Во општината постојат угостителски објекти од типот на класични ресторани, традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и повеќе кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

### Културно-историски обележја

Хаџидимово има долготрајно историско постоење. Во античките времиња од тука поминувал еден од поважните патишта до централната артерија на Балканскиот полуостров - Виа Егнација. Во населбата Котубаре е откриена камена гробница со бронзени, сребрени и глинени садови, сребрени и златни накити. Тука е откриена и Чудотворната икона на Св. Ѓорѓи при што е изграден манастирот, „Св.

Ѓорѓи Победоносец“ и прогласен за споменик на културата. Во с. Копривлен се наоѓа античкото село „Козлука“. Во градот Хаџидимово се наоѓа и доцноантичката средновековна тврдина „Св. Димитар“.

**Природно наследство**

Најголемото природно наследство, но и туристичко богатство на општината се двете планини Славјанка и Стргач.

**Чинители во областа на туризмот**

- Комисија за општински имот, приватизација, земјоделство, шумарство, заштита на животната средина и водите;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби,
- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично.

## Општина Јакоруда

**Местоположба**

Општината Јакоруда (340 $km^2$) се простира во најсевероисточниот дел на Благоевградската област. Ги опфаќа јужните разграноци на Источна Рила, делови од Велијшко - Виденишкиот дел на Западните Родопи и долината на река Места. Во нејзиниот состав влегуваат градот Јакоруда и 7 села: Аврамово, Бел камен, Бунцево, Конарско, Смолево, Црна Места и Јуруково заедно со своите територии. Се граничи со општините Белица, Самоков и Велинград.

Административен, стопански и културен центар на општината е градот Јакоруда. Се простира во јужните падини на Рила на 890 м надморска височина, по двата брега на реката Места. Оддалечен е 79 км источно од Благоевград, 28 км северно од Разлог и 40 км од Велинград.

**Туристички и угостителски објекти**

Во општината Јакоруда има 4 туристички капацитети, претставени со куќи и апартмани со соби за гости и еден хотел, и се наоѓаат во неколку населени места.

Во населеното место Бунцево има 1 куќа со соби за гости, со кафе-бар и маркет за прехранбени продукти.

Во населеното место Јакоруда има 2 куќи со соби за гости и 1 хотел (“Белмекен“).

Во населените места: Аврамово, Бел Камен, Бунцево, Конарско, Смолево, Черна Места и Јоруково не се регистрирани туристички објекти.

Во општината постојат угостителски објекти од типот на класични ресторани, традиционални ресторани, пицерии и сендвичари кои се важни за гастрономскиот туризам, како и повеќе кафе-барови и неколку дискотеки за забава.

**Природно наследство**

Во границите на општината Јакоруда влегуваат и Националниот парк „Рила“ со прекрасните шуми и високите планински езера и полјани, со панорамата кон Родопите и Пирин, туристичката населба „Трештеник“, водопадот на река Чесна (природна знаменитост) и заштитената населба „Белаците“, прогласена како таква за заштита на вековните дрвја од типот бел бор. На околу 2 км југозападно од Јакоруда има минерални извори (41°C). Земјата на овој град има древна историја на населувања по селата.

Водопадот „Чесненско усое“ или "Јакорудски водопад" е прекрасен водопад од 15-16 метри, кој се наоѓа на реката Чесна и јужните падини на планината Рила во близина на Јакоруда.

**Културно-историски обележја**

Најпознатите археолошки локалитети се наоѓаат во месностите „Градиштето“ и „Герѓовска црква“ и на ридот „Каљата“.

**Чинители во областа на туризмот**

- Комисија за култура, спорт и екологија;
- Хотели, апартмани, сопственици на приватни куќи за гости, туристички колиби;

- Угостителски објекти (ресторани, пицерии, кафе-барови);
- Дом на култура, Музеи;
- Туристички информативни пунктови;
- Туристички агенции;
- Верски објекти (цркви) и манастири;
- Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, одржлив развој и слично.

### 1.2.4 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

**Табела 12.** Дејности на објекти кои нудат сместување и приходи за време на 2016 година – Област БЛАГОЕВГРАД*

| Области / Општини | Средства за засолништа и места за ноќевање- број | Легла - број | Легла/денонокија - број | Соби - број | Реализирани ноќевања - број | | | Лица кои ноќевале - број | | | Приходи од ноќевања - левови | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Општо | Од домашни | Од странци | Општо | Домашни | Странци | Општо | Од странци |
| | | | | | | | | | | | | |
| **Средства за засолништа и места за одмор - општо** | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| **Благоевград** | **207** | **17.757** | **5.078.351** | **7.071** | **734.639** | **366.388** | **368.251** | **316.149** | **182.636** | **133.513** | **30.882.667** | **15.584.647** |
| Банско | 98 | 9.939 | 2.557.115 | 3.894 | 396.287 | 126.878 | 269.409 | 149.621 | 62.574 | 87.047 | 16.016.340 | 11.066.107 |
| Белица | … | 450 | 163.888 | 144 | 13.148 | 12.678 | 470 | 4.079 | 3.958 | 121 | 228.063 | 17.165 |
| Благоевград | 25 | 1.144 | 390.522 | 520 | 35.649 | 27.398 | 8.251 | 27.969 | 22.320 | 5.649 | 1.094.997 | 276.722 |
| Гоце Делчев | 8 | 325 | 104.069 | 149 | 13.550 | 9.505 | 4.045 | 9.696 | 6.962 | 2.734 | 286.500 | 71.293 |
| Грмен | 8 | 352 | 95.727 | 142 | 19.880 | 19.387 | 493 | 9.230 | 8.906 | 324 | 620.118 | 20.287 |
| Кресна | 4 | 68 | 22.086 | 41 | 1.394 | 1.278 | 116 | 813 | 761 | 52 | 24.565 | 2.728 |
| Петрич | 9 | 455 | 153.243 | 227 | 10.115 | 6.609 | 3.506 | 7.160 | 4.886 | 2.274 | 372.943 | 163.139 |
| Разлог | 15 | 2.095 | 620.648 | 713 | 73.547 | 50.830 | 22.717 | 27.322 | 20.086 | 7.236 | 3.895.703 | 1.206.817 |
| Сандански | 36 | 2.804 | 938.214 | 1.189 | 169.752 | 110.961 | 58.791 | 79.185 | 51.542 | 27.643 | 8.308.261 | 2.750.384 |
| Сатовча | 2 | 30 | 8.220 | 10 | 239 | 239 | - | 239 | 239 | - | 7.735 | - |
| Симитли | 2 | 63 | 15.819 | 24 | 402 | 402 | - | 186 | 186 | - | 11.395 | - |
| Струмјани | 2 | 32 | 8.800 | 18 | 676 | 223 | 453 | 649 | 216 | 433 | 16.047 | 10.005 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **в т.ч. Хотели** | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| **Благоевград** | **147** | **16258** | **4659198** | **6535** | **699671** | **335176** | **364495** | **296955** | **165486** | **131469** | **30431638** | **15511298** |
| Банско | 63 | 9396 | 2416534 | 3692 | 378190 | 110671 | 267519 | 141967 | 55564 | 86403 | 15811003 | 11021068 |
| Белица | .. | 450 | 163888 | 144 | 13148 | 12678 | 470 | 4079 | 3958 | 121 | 228063 | 17165 |
| Благоевград | 19 | 860 | 292386 | 419 | 29999 | 22369 | 7630 | 22922 | 17809 | 5113 | 1007848 | 266136 |
| Гоце Делчев | 6 | 285 | 93604 | 138 | 11945 | 7904 | 4041 | 9016 | 6286 | 2730 | 273286 | 71253 |
| Грмен | 5 | 278 | 73309 | 109 | 16656 | 16167 | 489 | 7845 | 7522 | 323 | 558794 | 20207 |
| Кресна | .. | 60 | 20250 | 37 | 1350 | 1234 | 116 | 769 | 717 | 52 | 23685 | 2728 |
| Петрич | 6 | 358 | 130220 | 194 | 9123 | 5857 | 3266 | 6319 | 4236 | 2083 | 348872 | 156045 |
| Разлог | 9 | 1901 | 562648 | 637 | 70200 | 48400 | 21800 | 24855 | 18214 | 6641 | 3858969 | 1197677 |
| Сандански | 31 | 2545 | 873520 | 1113 | 167743 | 109032 | 58711 | 78109 | 50539 | 27570 | 8285941 | 2749014 |
| Сатовча | .. | 30 | 8220 | 10 | 239 | 239 | - | 239 | 239 | - | 7735 | - |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Симитли | 2 | 63 | 15819 | 24 | 402 | 402 | - | 186 | 186 | - | 11395 | - |
| Струмјани | 1 | 32 | 8800 | 18 | 676 | 223 | 453 | 649 | 216 | 433 | 16047 | 10005 |

***** Категоризирани средства за засолниште и места за сместување со повеќе од 10 кревети кои работат во текот на соодветната година.

(..) Податоците се доверливи.

# 2. АНАЛИЗА И ТРЕНДОВИ НА ПАЗАРОТ

## 2.1 ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Југоисточниот регион се протега на крајниот југоисточен дел на Република Македонија и го опфаќа подрачјето на Струмичко-радовишката и Гевгелиско-валандовската Котлина, односно долината на реката Струмица и долниот тек на реката Вардар.

Според податоците за 2016 година, во регионот живеат 8.4% од вкупното население во Република Македонија.

Се простира на 10.9% од вкупната површина на државата, со густина на населеност од 63.4 жители на $km^2$.

Богатата хидрографска мрежа, големиот број сончеви денови, климатското поднебје и поволните педолошки услови го карактеризираат регионот како претежно земјоделски. Квалитетното и обемно производство на раноградинарски култури, свеж зеленчук и овошје, како и индустриски земјоделски култури, овозможува развој на конзервно- преработувачка индустрија на земјоделски производи, по што овој регион е препознатлив.

Во последните години е забележлив тренд на пораст на туризмот како стопанска гранка, претставен преку зголемувањето на бројот на сместувачки капацитети, туристи и ноќевања во регионот. Ова најмногу се должи на ревитализацијата и искористувањето на Дојранското Езеро како туристички потенцијал.

Карактеристично за регионот е тоа што во 2016 година, стапката на вработеност беше највисока во однос на останатите региони во РМ и изнесуваше 57.1.

### 2.1.1 СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ И ОБЈЕКТИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Сместувачки капацитети се објекти во кои се нудат услуги за сместување на гости, изразени во број на соби и легла. Во согласно со националната регулатива сместувачките капацитети се поделени на основни и комплементарни сместувачки капацитети. Основни сместувачки капацитети се хотели, хотелски

населби, апартмански населби, мотели, пансиони, резиденции и туристички села а комплементарни сместувачки капацитети се ноќевалишта, гостилници, кампови, приватни сместувачки капацитети (соби, апартмани, станови, куќи), одморалишта (за деца, младинци, работници, лица со попреченост и слично), други комплементарни објекти (феријални домови, планинарски и ловни домови и куќи, објекти за привремено сместување и слично).

Според расположливите статистички податоци структурата на сместувачките капацитети во Југоисточниот регион во 2016 година ја сочинуваат 6.438 легла, во 2.443 соби.

Согласно методологијата за евидентирање на сместувачки и угостителски капацитети, не постои евидентирање на сместувачките и угостителските капацитиети кои нудат услуги во рурален туризам како посебна категорија. Во однос на вкупните сместувачки капацитети во Република Македонија и Југоисточниот плански регион ситуацијата е прикажана во следната табела.

**Табела 13.** Капацитетите за сместување во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион, во периодот 2009 – 2016

| **Сместувачки капацитети** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | | | | | | | | |
| Број на соби | 26.390 | 26.189 | 26.448 | 26.877 | 26.887 | 27 422 | 27 812 | 28 305 |
| Број на легла | 69.561 | 69.102 | 69.737 | 70.287 | 70.297 | 71 225 | 72 021 | 73 168 |
| **Југоисточен регион** | | | | | | | | |
| Број на соби | 2.152 | 2.105 | 2.277 | 2.298 | 2.346 | 2 374 | 2 404 | 2 443 |
| Број на легла | 5.750 | 5.724 | 6.069 | 6.088 | 6.298 | 6 277 | 6 316 | 6 438 |

Извор: Регионите во Република Македонија 2014 и Регионите во Република Македонија 2017 Државен завод за статистика на Р. Македонија

Состојбата со вкупните сместувачки капацитети покажува тенденција на раст на ниво на Република Македонија со нерамномерност во растот на ниво на региони. Анализата на изнесените податоци во табелата погоре укажуваат дека сместувачките капацитети во регионот бележат пораст. Најголем дел од леглата во регионот се лоцирани во основните сместувачки капацитети и тоа во хотели и мотели, но застапени се и легла во комплементарните сместувачки капацитети и тоа во приватни соби, бањи и одморалишта на претпријатија.

Најголем дел од угостителските објекти во Југоисточниот плански регион имаат современа архитектура и највеќе нудат интернационални специјалитети и

скара. Овде се забележува недостиг на традиционално уредени објекти и традиционална храна. Како и општ недостиг на традиционална понуда на култура и традиција во ваквиот тип на објекти.

**Табела 14.** Угостителски објекти во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион во периодот, 2009 - 2016

| Угостителски објекти | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | | | | | | | | |
| Деловни единици | 1.967 | 1.914 | 1.950 | 1.949 | 1064 | 2 004 | 2 084 | 1 150 |
| Седишта | 110.354 | 115.309 | 117.006 | 118.755 | 95.221 | 127 890 | 131 230 | 97 805 |
| Работници | 12.039 | 12.250 | 12.308 | 12.441 | 9.943 | 13 076 | 14 874 | 11 962 |
| Вкупен промет во илјада денари | 7.636.016 | 7.352.408 | 7.816.343 | 8.166.264 | 6.788.215 | 9 289.811 | 10 338.132 | 8 848.227 |
| **Југоисточен Регион** | | | | | | | | |
| Деловни единици | 171 | 162 | 182 | 176 | 126 | 171 | 167 | 121 |
| Седишта | 9.946 | 10.856 | 11.886 | 11.672 | 9405 | 12 239 | 11 490 | 9 243 |
| Работници | 1.719 | 1.796 | 1.851 | 1.715 | 1600 | 1924 | 1 958 | 1 840 |
| Вкупен промет во илјади денари | 615.443 | 599.780 | 688.685 | 710.263 | 674285 | 798 769 | 874 240 | 787 326 |

Извор: Регионите во Република Македонија 2014 и Регионите во Република Македонија 2017 Државен завод за статистика на Р. Македонија

Кај бројот на деловни единици во секторот угостителство во Југоисточниот регион во 2016 година забележливо е намалување на 121 единица, што се отсликува и кај бројот на вработени кој исто така бележи намалување и изнесува 1.840 лица.

Тука треба да се напомене дека Државниот завод за статистика за 2013 и 2016 година ги нема обработено податоците за индивидуалните угостителски дуќани па оттука оваа анализа не е целосна.

Вкупниот промет и бројот на вработени се правопропорционални и се најголеми во 2015 година.

## 2.1.2 ТРЕНДОВИ ВО СЕКТОРОТ ТУРИЗАМ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Вкупниот број на посетители во Југоисточниот плански регион во 2016 година достигна 135.092 (82.907 - домашни туристи, 52.185 - странски туристи).

**Табела 15.** Трендови во секторот туризам во Република Македонија и во Југоисточниот плански регион во периодот 2009 – 2016

| Показатели | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | | | | | | | | |
| Вкупно туристи | 587.770 | 586.241 | 647.568 | 663.633 | 701.794 | 735.650 | 816.067 | 856.843 |
| Домашни | 328.566 | 324.545 | 320.097 | 312.274 | 302.114 | 310.336 | 330.537 | 346.359 |
| Странски | 259.204 | 261.696 | 327.471 | 351.359 | 399.680 | 425.314 | 485.530 | 510.484 |
| Вкупно ноќевања | 2.101.606 | 2.020.217 | 2.173.034 | 2.151.692 | 2.157.175 | 2.195.883 | 2.394.205 | 2.461.160 |
| Домашни | 1.517.810 | 1.461.185 | 1.417.868 | 1.339.946 | 1.275.800 | 1.273.370 | 1.357.822 | 1.407.143 |
| Странски | 583.796 | 559.032 | 755.166 | 811.746 | 881.375 | 922.513 | 1.036.383 | 1.054.017 |
| **Југоисточен регион** | | | | | | | | |
| Вкупно туристи | 90.998 | 84.856 | 108.555 | 106.978 | 109.982 | 124.707 | 133.328 | 135.092 |
| Домашни | 68.416 | 59.403 | 58.351 | 58.761 | 59.977 | 74.071 | 82.143 | 82.907 |
| Странски | 22.582 | 25.453 | 50.204 | 48.217 | 50.005 | 50.636 | 51.185 | 52.185 |
| Вкупно ноќевања | 277.030 | 262.787 | 312.377 | 305.163 | 327.279 | 401.065 | 412.804 | 437.607 |
| Домашни | 233.220 | 220.654 | 217.903 | 219.050 | 231.870 | 304.148 | 326.515 | 342.646 |
| Странски | 43.810 | 42.133 | 94.474 | 86.113 | 95.409 | 96.917 | 86.289 | 94.961 |

Извор: Регионите во Република Македонија 2014 и Регионите во Република Македонија 2017 Државен завод за статистика на Р. Македонија

Домашните туристи кои го посетиле Југоисточниот плански регион реализирале 2.374.173 ноќевања, па така просечната должина на нивниот престојот изнесува околу 5 денови. Домашните туристи најмногу го посетувале регионот во текот на 2015, а во анализираниот период нивните посети благо се

намалуваат до 2014 од кога растат, а паралелно со тоа расте и бројот на денови кои останале во регионот.

Странските туристи кои го посетиле Југоисточниот регион достигнале бројка од 350.467 посетители во анализираниот период. Истите направиле вкупно 640.106 ноќевања. Просечната должина на нивниот престојот изнесува околу 2 денови. Бројот на странски туристи во анализираниот период значајно се зголемува.

## 2.2 БЛАГОЕВГРАДСКАТА ОБЛАСТ ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Благоевградската област се простира речиси целосно на територијата на Пиринска Македонија. Таа е една од 28-те области во Република Бугарија. Се состои од 6 географски целини: Планината Пирин (со планината Славјанка на југ) во средишниот дел на областа; Осоговско-Беласичката планинска група која ги вклучува планините Осогово, Влаина, Малешевска Планина, Огражден и Беласица, преку кои минува границата со Република Македонија; долината и сливното подрачје на реката Струма западно од Пирин планина и околината на градот Петрич во плодна широка рамнина (котлина); долината и сливното подрачје на реката Места источно од планината Пирин, која исто така во јужниот дел во околината на градот Неврокоп (денес Гоце Делчев) е плодна и пространа рамнина со повисока надморска височина од Петричкото поле; најзападните ридови на планината Родопи на исток од реката Места и јужниот дел на планината Рила. Кон оваа област припаѓаат следните Општини: Општина Банско, Општина Белица, Општина Горна Џумаја (Благоевград), Општина Неврокоп (Гоце Делчев), Општина Грмен, Општина Кресна, Општина Петрич, Општина Мехомија (Разлог), Општина Свети Врач (Сандански), Општина Сатовача, Општина Симитли, Општина Струмјани, Општина Хаџидимово и Општина Јакоруда.

Главен град на Благоевградската област е Горна Џумаја (од 1950 година Благоевград). Има површина од 6.798 $km^2$.

Голем дел од националниот парк „Пирин“ се наоѓа во пределите на овој регион. Поради својата уникатна природа Националниот парк „Пирин“ е признаен за објект од светско значење и од 1983г. е вклучен во списокот на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на светското природно наследство. Како туристички дестинации во рамките на „Пирин“, се споменуваат и езерата: Кременски Езера, Поповите Езера и Попово Езеро, потоа врвовите на Пирин: Кајмакчал (Изворец), Каменитица, Малек Полежан, Момин Двор, Банови дупки, Бански Суходол, Кралев Двор, врвот Кутело, Каменица, Газеи, Полежан, Аловарника, Куклите. Дел од регионот се наоѓа на територијата на Национален парк "Рила" - заштитен природен објект II-ра категорија по класификацијата на Светскиот сојуз за заштита на

природата. Во НП "Рила" спаѓаат резерватите "Парангалица", „Централен Рилски резерват", „Риломанастирската Гора", „Ибар" и „Скакавица". Поволни за развој на руралниот туризам во овој регион се и водните богатства (реки, подземни води, карстни, топли минерални извори, изворите на термална вода, (ендемичниот растителен и животински свет), пештери и други природни реткости, но секако и богатата традиционална културна понуда.

*Специфичната микроклима на регионот допринесува за развојот на зимски, планински и еко туризам.*

Забележлив е тренд на раст на туризмот како стопанска гранка во овој регион, претставен преку бројот на сместувачки капацитети, туристи и ноќевања.

### 2.2.1 СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ И ОБЈЕКТИ ВО БЛАГОЕВГРАДСКАТА ОБЛАСТ ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Според расположливите статистички податоци структурата на сместувачките капацитети во Благоевградската област во 2016 година ја сочинуваат 207 сместувачки капацитети со 17.757 легла, во 7.071 соба. Најголем дел од сместувачките капацитети се лоцирани во Банско 47%, по него следи Сандански со 17% учество во вкупниот број.

**Табела 16.** Сместувачките капацитети во Благоевградската област во 2016 година

| Области / Општини | Средства за засолништа и места за ноќевање - број | Легла - број | Соби – број |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| **Благоевград** | **207** | **17.757** | **7.071** |
| Банско | 98 | 9.939 | 3.894 |
| Белица | … | 450 | 144 |
| Благоевград | 25 | 1.144 | 520 |
| Гоце Делчев | 8 | 325 | 149 |
| Грмен | 8 | 352 | 142 |
| Кресна | 4 | 68 | 41 |
| Петрич | 9 | 455 | 227 |
| Разлог | 15 | 2.095 | 713 |
| Сандански | 36 | 2.804 | 1.189 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сатовча | 2 | 30 | 10 |
| Симитли | 2 | 63 | 24 |
| Струмјани | 2 | 32 | 18 |
| | | | |

Забележливо е високото учество на хотелите во вкупните сместувачки капацитети со дури 71%. Хотелските капацитети се значајно концентрирани во Банско и неговото учество во вкупниот број на хотели во областа е 43%. Вториот по големина туристички центар од регионот Сандански учествува со 21% во вкупниот број.

**Табела 17.** Хотелски капацитети во Благоевградската област во 2016 година

| **Области / Општини** | **Средства за засолништа и места за ноќевање- број** | **Легла - број** | **Соби – број** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Благоевград** | **147** | **16.258** | **6.535** |
| Банско | 63 | 9.396 | 3.692 |
| Белица | .. | 450 | 144 |
| Благоевград | 19 | 860 | 419 |
| Гоце Делчев | 6 | 285 | 138 |
| Грмен | 5 | 278 | 109 |
| Кресна | .. | 60 | 37 |
| Петрич | 6 | 358 | 194 |
| Разлог | 9 | 1.901 | 637 |
| Сандански | 31 | 2.545 | 1.113 |
| Сатовча | .. | 30 | 10 |
| Симитли | 2 | 63 | 24 |
| Струмјани | 1 | 32 | 18 |

Состојбата со вкупните сместувачки капацитети покажува тенденција на раст, но со нерамномерност во растот на ниво на општини од регионот. Анализата на изнесените податоци во табелата погоре укажуваат дека сместувачките капацитети покажуваат висока концентрација во Банско.

Најголем дел од леглата во регионот се лоцирани во основните сместувачки капацитети и тоа во хотели, но застапени се и легла во комплементарните сместувачки капацитети и тоа во приватни соби, бањи и одморалишта.

Доминантен дел од угостителските објекти во Благоевградската област се нови и со современа архитектура во кои се нудат интернационални специјалитети и скара. Но, покрај тоа, се забележува тренд на отварање на традиционално уредени објекти (ресторани) со традиционална храна. Се забележува општ недостиг на традиционална понуда на култура и традиција во ваквиот тип на објекти.

## 2.2.2 ТРЕНДОВИ ВО СЕКТОРОТ ТУРИЗАМ ВО БЛАГОЕВГРАДСКАТА ОБЛАСТ

Вкупниот број на лица кои реализирале ноќевања во Благоевградската област во 2016 година достигна 3.161.49 лица (182.636 - домашни туристи, 133.513- странски туристи).

**Табела 18.** Ноќевања во Благоевградската област во 2016

| Благоевградска област | Средства за засолништа и места за ноќевање-број | Легла - број | Легла/ денонoќија - број | Соби - број | Реализирани ноќевања - број | | | Лица кои ноќевале - број | | | Приходи од ноќевања - левови | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Општо | Од домашни | Од странци | Општо | Домашни | Странци | Општо | Од странци |
| | | | | | | | | | | | | |
| | **207** | **17.757** | **5.078.351** | **7.071** | **734.639** | **366.388** | **368.251** | **316.149** | **182.636** | **133.513** | **30.882.667** | **15.584.647** |

Домашните туристи кои го посетиле овој регион реализирале 366.388 ноќевања, па така просечната должина на нивниот престојот изнесува околу 2 денови. Домашните туристи најмногу го посетувале регионот на Банско.

Странските туристи кои го посетиле и ноќевале во регионот достигнале бројка од 133.513 лица во анализираниот период. Истите направиле вкупно 368.251 ноќевање. Просечната должина на нивниот престојот изнесува околу 3 денови. Странски туристи кои ноќевале во регионот исто така најголем дел го посетувале Банско.

**Табела 19.** Ноќевања во хотели во Благоевградската област во 2016

| лагоевградска бласт | Средства за засолништа и места за ноќевање-број | Легла - број | Легла/ денonoќија - број | Соби - број | Реализирани ноќевања - број | | | Лица кои ноќевале - број | | | Приходи од ноќевањ - левови | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Општо | Од домашни | Од странци | Општо | Домашн | Странци | Општо | Од странци |
| | | | | | | | Хотели | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | 147 | 16.258 | 4.659.198 | 6.535 | 699.671 | 335.176 | 364.495 | 296.955 | 165.486 | 131.469 | 30.431.638 | 15.511.29 |

Во хотелските капацитети се реализирале вкупно 699.671 ноќевање во 2016-та година што претставува високи 95% од вкупно реализираните ноќевања во сите расположливи капацитети во областа. Од вкупните реализирани ноќевања на домашните туристи приближно 92% биле во хотелските капацитети, додека странските туристи речиси секогаш престојувале во хотели. Кај странските туристи 99% од ноќевањата биле реализирани во хотелски капацитети.

Деновите на престој во хотелските капацитети кај двете групи на туристи не отстапуваат од генералната пресметка за сите типови на сместувања, па така домашните туристи во хотелите престојувале околу 2 дена, а странските околу 3 дена.

**Табела 20.** Реализирани ноќевања во двата најголеми туристички центри во регионот во 2016та

| Области / Општини | Средства за засолништа и места за ноќевање-број | Легла - број | Легла/ денонокија - број | Соби - број | Реализирани ноќевања - број | | | Лица кои ноќевале - број | | | Приходи од ноќевања - левови | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Општо | Од домашни | Од странци | Општо | Домашни | Странци | Општо | Од странци |
| | | | | | | **Средства за засолништа и места за одмор – општо** | | | | | | |
| **Област** | **207** | **17.757** | **5.078.351** | **7.071** | **734.639** | **366.388** | **368.251** | **316.149** | **182.636** | **133.513** | **30.882.667** | **15.584.647** |
| Банско | 98 | 9.939 | 2.557.115 | 3.894 | 396.287 | 126.878 | 269.409 | 149.621 | 62.574 | 87.047 | 16.016.340 | 11.066.107 |
| Сандански | 36 | 2.804 | 938.214 | 1.189 | 169.752 | 110.961 | 58.791 | 79.185 | 51.542 | 27.643 | 8.308.261 | 2.750.384 |
| | | | | | | **в т.ч. Хотели** | | | | | | |
| **Област** | **147** | **16258** | **4659198** | **6535** | **699671** | **335176** | **364495** | **296955** | **165486** | **131469** | **30431638** | **15511298** |
| Банско | 63 | 9396 | 2416534 | 3692 | 378190 | 110671 | 267519 | 141967 | 55564 | 86403 | 15811003 | 11021068 |
| Сандански | 31 | 2545 | 873520 | 1113 | 167743 | 109032 | 58711 | 78109 | 50539 | 27570 | 8285941 | 2749014 |

Концентрацијата на сместувачките капацитети е нерамномерна. Уделот на Банско како најголем туристички центар во регионот во делот на вкупните легла изнесува 56%, додека кај хотелските легла 58%. Во овој туристички центар во 2016та година се реализирале 54% од вкупните ноќевања во регионот.

Втор по големина туристички центар е Сандански кој учествува со 16% во делот на вкупните легла и 16% во делот на хотелските легла. Во овој туристички центар во 2016та година се реализирале 23% од вкупните ноќевања во регионот.

# 3. АНАЛИЗА И ЕВАЛУАЦИЈА НА МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

SWOT анализата е користена како алатка за идентификување на приоритетните области за развој на регионите во областа на развој на руралниот туризам, а притоа ја анализира моменталната ситуација на внатрешните (силни и слаби страни) и надворешните фактори (можности и закани) одговорни за иновациски развој на регионот (Југоисточен регион и Благоевградската област).

Анализата е извршена врз основа на видувања и кажувања на вклучените општини од Југоисточен регион на Република Македонија и Благоевградска област на Република Бугарија, на заедничка работилница, која се одржа во Струмица на 17.11.2017 година, како и канцелариско истражување на постоечките развојни документи и особено Програма за развој на Југоисточен плански регион 2015 – 2019 и анализа на тековната состојба.

## 3.1 SWOT анализа за Југоисточен плански регион на Република Македонија

**Табела 21.** SWOT анализа за Југоисточен плански регион

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| - Изобилство со голем број на природни ресурси (водопади, извори, природа, споменици на природата)<br>- Голем број на населени места со можност за развој (лоцирани во природни убавини) | - Недоволно вложување во самите природни атракции<br>- Недоволно обезбедени финансиски средства од страна на релевантни институции наменети специјално за оваа област |

| | |
|---|---|
| - Добра инфраструктура до населени места<br>- Одгледување на домашни растенија и животни<br>- Голем број на традиционални специјалитети и подготовка во рурални средини<br>- Воспоставена мрежа и партнерства помеѓу правните субјекти<br>- Воспоставена база на човечки ресурси<br>- Стратегии на национално ниво во кои руралните подрачја се приоритет (вклучувајќи туризам)<br>- Локални настани во руралните средини<br>- Културно-историски археолошки локалитети<br>- Поволна географска положба<br>- Регионот располага со стари градби, кои може да се прилагодат за сместување на туристи | - Иселување на населението и пропаѓање на некои од населените места<br>- Нерационално искористување на природните богатства<br>- Градење, создавање на нови населби<br>- Ниска свест за зачувување на природните убавини<br>- Недостаток на кадар во областа на туризмот<br>- Различна легислатива (во двете држави)<br>- Обезбедување фондови за реализација на стратегијата<br>- Политизирање на реализацијата на стратегијата<br>- Недоволно развиена сообраќајна поврзаност – патна, железничка<br>- Незачувани рурални објекти за ноќевање<br>- Слабо познавање на локалното население за можностите на руралниот туризам |
| Можности | Закани/ризици |
| - Можност за реновирање, отварање на туристички услужни дејности (локалитети), веднаш до самите атракции, како и сместувачки капацитети<br>- Организирање на обуки и други настани за едукација на луѓето во однос на оваа област од туризмот, но и како рационално да се заштитат и искористат потенцијалите<br>- Можност за едукација и обуки на населението за развој на рурален туризам<br>- Подобрување на патната инфраструктурна мрежа до руралните места<br>- Можност за едукација на туристички работници<br>- Постоечки програми и фонодови за развој на руралниот туризам (заеднички за двете држави) | - Ниско ниво на еколошка свест и чувство за заедничка сопственост и општествени добра кај населението<br>- Недоволно развиен рурален туризам поради слаба едукација на локалното население<br>- Недоволно одржување на културните споменици (куќи) во природата и нивно пропаѓање<br>- Миграција на население од руралните подрачја (село – град – друга држава)<br>- Промена на менаџери, структура (власт) на локално и регионално ниво<br>– Климатски промени и последици од истите (температурни разлики, поплави и сл.) |

| | |
|---|---|
| - Локации и места кои имаат потенцијал за развој на рурален туризам<br>- Можност за промоција на здрава органска храна | |

## 3.2 SWOT анализа за Благоевградската област на Република Бугарија

**Табела 22.** SWOT анализа за Благоевградската област

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| - Запазена, зачувана автентичност – културно-историско наследство, културни празници, архитектура, обичаи, носија, фолклорни елементи<br>- Запазена, зачувана природа со изобилиство на знаменитости, богата разновидност на флора и фауна<br>- Добри климатски услови<br>- Извори на минерална вода и добри услови за бањски лекувалишта<br>- Богати и зачувани традиции и обичаи<br>- Традиционална кујна<br>- Поволна геостратешка местоположба<br>- Достапност на традиционални локални производи<br>- Изобилство на стари занаети<br>- Изобилство на цркви и манастири<br>- Вински туризам<br>- Планинарски терени со добри можности за развој на туризам<br>- Зачувана природа и планински терени во близина на национални одмаралишта<br>- Изградени и функционални објекти за ноќевање и исхрана<br>- Биофарма<br>- Прекугранична соработка | - Лоша инфраструктура<br>- Слаба маркетинг промоција<br>- Недостаток на квалифакувани кадри во туристичките дејности<br>- Лошо општествено-транспортно осигурување<br>- Лоша финансиска сигурност на стопанските субјекти<br>- Недостаток на информации за интересни и живописни населени места (мали селца)<br>- Недостаток на структурна информација за интересни објекти за посета од страна на туристи<br>- Слаба популаризација на локални знаменитости на национално и меѓународно ниво<br>- Слаба популаризација на локални традиции и занаети<br>- Слаб капацитет на локалните (општинските) власти<br>- Недостаток на информации за објектите и знаменитостите во руралните места<br>- Недостаток на мерки за поддршка на објекти со историска и архитектонска вредност |

| | |
|---|---|
| | - Сезонскиот туризам не е економски одржлив (не е целогодишен)<br>- Мала, слаба поддршка за зимски, селски туризам<br>- Недостаток на персонал |
| Можности | Закани/ризици |
| - Поддршка на финансиски инструменти за поткрепа на селски туризам<br>- Брз развој на ИТ<br>- Зголемување на побарувачката на потрошувачите<br>- Превод на англиски и публикување на достапните информации, како и нивна промоција и дистрибуција во други држави<br>- Можност за формирање на коридори – европски и национални<br>- Луѓе со недоходовно образование<br>- Развој на рурален туризам во близина на двете граници<br>- Развој на био-земјоделие<br>- Развој на рурален и културен туризам, преку изготвување на различни туристички маршути<br>- Предлог и развој на различни содржини за туристи<br>- Вклучување на туристите во изучување на локални занаети, учество во локални културни настани<br>- Промотивни пакети, адресирани до конкретни целни групи (ученици, студенти, туристи)<br>- Изработка на маркетинг стратегија за промовирање на селски туризам<br>- Разновидно образование во областа на туристичките дејности<br>- Посета и промоција на определени целни групи (спа туризам, вински туризам, семеен туризам) | - Депопулација<br>- Бирократија<br>- Обемна регулатива<br>- Немање на постојаност, континуитет во работењето<br>- Недоволна ангажираност за документирање/филмување на обичаи и традиции<br>- Недостаток на иницијатива од страна на општините<br>- Недостаток на заинтересирани субјекти во областа на туризмот<br>- Тешки процедури за добивање на дозволи можат да ги направат местата не-атрактивни<br>- Корупција<br>- Незапазување на различни видови на рокови кои се поврзани со реализацијата на проектите<br>- Со отселување на луѓето има опасност од исчезнување на селата<br>- Со исчезнување на селата ќе исчезне и културното богатство<br>- Недоволна соработка и интерес од страна на властите |

| | |
|---|---|
| - Креирање содржини и активности за “агро-туризам“ (посета и работа на фарми, дегустација, на производи и др.) | |

## 3.3 Заедничка SWOT анализа за двата региони

**Табела 23.** Заедничка SWOT анализа за двата региони

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| - Постоење на природни богатства и реткости, (минерални води, геотермални извори, водопади и заштитени подрачја)<br>- Постоење на голем број на локални и рурални настани, манифестации, собири за дружење<br>- Поволнагеостратешка положба-пограничен регион (во близина на две земји членки на ЕУ)<br>- Регионална традиционална кујна (специфични специјалиети со повеќе од 180 рецепти)<br>- Богата традиција (традиционалани вредности и обичаи)<br>- Зачувана автентичност на регионите (културно-историско наследство, археолошки локалитети)<br>- Поволни климатски услови | - Слаба или мала промоција на потенцијали за развој на рурален туризам<br>- Слаба или мала маркетинг промоција на регионите (немање регионален туристички инфо центар)<br>- Слаба инфраструктура поврзаност помеѓу населените места и градовите<br>- Слаба патна сигнализација<br>- Недостаток на туристички капацитети во руралните места<br>- Недостаток на кадар во туристичката дејност, во руралните населени места<br>- Финансиска немоќ за изградба на туристички објекти, капацитети и развој на селски туризам<br>- Неповолна финансиска сигурност |
| Можности | Закани/ризици |
| - Достапни фондови од ЕУ и други меѓународни фондови за развој на рурален туризам<br>- Едукација за подигање на јавна свест за рурален туризам<br>- Потенцијал за органска здрава, природна храна (овошје, зеленчук)<br>- Брз развој на ИТ и искористување на можностите што ги нуди<br>- Зголемен интерес за рурален туризам | - Миграции на населението од руралните населени места во градовите<br>- Иселување, одлив на млади од руралните места<br>- Слаб наталитет во руралните населени места<br>- Загадување на животната средина<br>- Уништување на природните богатства и шумите |

| | |
|---|---|
| | - Немање континуитет во руралните политики<br>- Обемна законска регулатива и документација<br>- Голема бирократија<br>- Изумирање, заборавање на традиционалните вредности и обичаи |

# 4. СТРАТЕШКА РАМКА

## 4.1 Визија за развој на руралниот и одржлив туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија

Дефинирањето на заедничка визија е важен чекор за одржување на засегнатите страни заинтересирани во процесот, до самиот крај, до реализацијата на стратешкиот документ. Визијата го истакнува тоа што се сака да се постигне, односно што би требало да претставува стратегискиот документ за потесната и пошироката околина, да се искажат целите/желбите, т.е. да се каже како ја замислуваме во иднина територијата во којшто ќе се имплементира стратегијата.

- Југоисточниот регион од Македонија и Благоевградската област од Бугарија во 2026 година се препознатлива туристичка дестинација на Балканот со развиен рурален и одржлив туризам заснован на автентични вредности.

## 4.2 Мисија за развој на руралниот и одржлив туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија

Развојот на руралниот туризм во прекуграничниот регион на Бугарија и Македонија ќе придонесе за развој и промоција на руралните населени места, зачувување на регионалните природни и културни атракции, зближување на луѓето во регионот и подобрување на квалитетот на животот на локалното население.

## 4.3 Цели на маркетинг стратегијата за развој на руралниот туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија

**Општите цели** со чие реализирање треба да се постигне Визијата за развој на Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија како препознатлива туристичка дестинација на Балканот се:

- Етаблирање на Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија како препознатлива туристичка дестинација на Балканот;

- Зголемување на бројот (нови) и квалитетот (веќе постоечки) на туристички продукти и содржини во руралните области во целниот прекуграничен регион, Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија;

- Зголемување на интересот за рурален туризам преку воспоставен функционален маркетинг систем на ниво на прекуграничниот регион и општините поврзани со системите за промоција на национално ниво (Република Македонија и Република Бугарија);

- Зголемување на бројот на домашни и странски туристи во руралните места на Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија

Првата цел за воспоставување, етаблирање на Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија како препознатлива туристичка дестинација на Балканот, подразбира создавање на единствен и конкурентен регион како препознатлива и посакувана дестинација за рурален туризам. Ова би значело брендирање на можностите и услугите кои ги нуди руралниот туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија.

Втората цел е подобрување и збогатување на туристичката понуда заради промоција на автентичноста, подобра/поголема препознатливост и прераснување на Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија како препознатлива туристичка дестинација на Балканот.

Третата цел за зголемување на интересот за рурален туризам и воспоставување на маркетинг систем треба да дефинира активности кои ќе бидат во согласност со маркетинг стратегиите и целите на регионално, општинско и национално ниво.

Четвртата цел за зголемување на бројот на странски и домашни гости во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија, може да се постигне преку изготвување на заедничка понуда со интересни содржини (вредности и знаменитости, услуги, локални производи), кои ќе бидат презентирани преку маркетинг системот.

За промоција на руралниот туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија, идентификувани се следните стратешки цели:

- **Стратешка цел 1** – Воспоставување регионална платформа/мрежа за маркетинг и промоција на руралниот туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија;

- **Стратешка цел 2** – Формирање независно тело на ниво на двата региони за развој и на поддршка алтернативни видови на туризам (рурален туризам);

- **Стратешка цел 3** – Подобрување на постоечката туристичка понуда и креирање нови продукти и содржини во руралните места;

- **Стратешка цел 4** – Промоција на рурален туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија;

- **Стратешка цел 5** – Зголемување на интересот на бизнис секторот и населението од пограничниот регион за вклучување и инвестирање во развојот на руралниот туризам, како можност за идна егзистенција

# 5. АКЦИОНЕН ПЛАН

| **Стратешка цел 1 – Воспоставување регионална платформа/мрежа за маркетинг и промоција на руралниот туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија** | | | |
|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.1. Креирање на функционално решение за воспоставување на мрежата** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |
| Изработка на концепт/предлог решение за развој на мрежата | - Претставници од општини<br>- Претставници од регионалните центри | 2 месеци<br>01.01.2018<br>01.03.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Консултанти/експерти | | |
| Одржување состанок со заинтересирани страни и презентација на решението, како и негово усвојување | - Претставници од општини<br>- Претставници од регионалните центри | 1 месец<br>01.02.2018<br>01.03.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |
| **Приоритет 1.2. Формирање на координативно тело на платформата/мрежата** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |
| Одржување состанок за формирање на координативно тело и избор на негови членови | - Претставници од општини<br>- Претставници од регионалните центри | 1 месец<br>01.03.2018<br>01.04.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |
| Изработка на програма и деловник за работа на координативното тело | Координативно тело | 1 месец<br>01.04.2018<br>01.05.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |
| Воспоставување на систем за интерна и екстерна комуникација | Координативно тело<br>Експерти | 1 месец<br>01.05.2018<br>01.06.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |
| Изработка на web страна на независното тело | Експерти | 1 месец<br>01.05.2018<br>01.06.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |
| **Приоритет 1.3. Функционирање/работење на платформата/мрежата за маркетинг и промоција на рурален туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |
| Анализа и презентација на позитивни искуства во оваа област | Координативно тело | 1 месец<br>01.06.2018<br>01.07.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |
| Изработка на план за комуникации со медиуми | Координативно тело<br>Експерти | 1 месец<br>01.06.2018<br>01.07.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |
| Истражување и преглед на достапни | Координативно тело | 1 месец<br>01.06.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| фондови за поддршка на рурален туризам | | 01.07.2018 | |
| Подготовка на концепти и проекти за аплицирање до достапни меѓуанродни фондови | Координативно тело<br>Експерти | 2 месеци<br>01.07.2018<br>01.09.2018<br>Континуирано до 2020 | Буџети на општините и регионалните центри |

| **Стратешка цел 2 – Формирање независно тело на ниво на двата региони за развој и поддршка на алтернативни видови на туризам (рурален туризам)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Приоритет 2.1. Истражување можности за формирање независно тело заедничко за двата региони** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |
| Анализа на законска регулатива и истражување можности за формирање независно тело | Координативно тело<br>Регионални центри од двата региони | 2 месеци<br>01.09.2018<br>01.11.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |
| Изработка на предлог концепт/решение за целите и активностите на телото | Координативно тело<br>Регионални центри од двата региони | 1 месец<br>01.11.2018<br>01.12.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |
| Реализирање состаноци со владини институции од областа на туризмот и презентирање на концептот | Координативно тело<br>Регионални центри од двата региони | 01.01.2019<br>01.03.2019 | Буџети на општините и регионалните центри |
| **Приоритет 2.2. Формирање независно тело заедничко за двата региони** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |
| Одржување состанок за формирање на независното тело и | Координативно тело на платформата | 1 месец<br>01.03.2019<br>01.04.2019 | Буџети на општините и регионалните центри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| избор на негови членови | Претставници од владини институции | | Буџети на владини институции |
| Изработка на програма и деловник за работа на независното тело | Претставници од независното тело | 1 месец<br>01.04.2018<br>01.05.2018 | Буџети на општините и регионалните центри |
| Воспоставување на систем за интерна и екстерна комуникација | Претставници од независното тело<br>Експерти | 1 месец<br>01.05.2019<br>01.06.2019 | Буџети на општините и регионалните центри |
| Изработка на web страна на независното тело | Експерти | 1 месец<br>01.05.2019<br>01.06.2019 | Буџети на општините и регионалните центри |
| **Приоритет 2.3. Функционирање/работење на независното тело на ниво на двата региони за развој и поддршка на алтернативни видови на туризам (рурален туризам)** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |
| Анализа / истражување на потенцијалите за развој на рурален туризам во пограничниот регион | Претставници од независното тело<br>Претставници од регионалните центри и општините | 1 месец<br>01.06.2019<br>01.07.2019 | Буџети на општините и регионалните центри<br>Буџети на владини институции |
| Состаноци со заинтересирани страни за презентација на целите на телото и можностите за поддршка за развој на руралниот туризам | Претставници од независното тело<br>Претставници од регионалните центри и општините<br>Бизнис сектор<br>Физички лица | 3 месеци<br>01.07.2019<br>01.10.2019 | Буџети на општините и регионалните центри<br>Буџети на владини институции |
| Приоретизација на потенцијали за поддршка и развој рурален туризам | Претставници од независното тело<br>Претставници од регионалните центри и општините<br>Бизнис сектор<br>Физички лица | 1 месец<br>01.10.2019<br>01.11.2019 | Буџети на општините и регионалните центри |
| Подготовка на концепти и проекти за аплицирање до достапни меѓуанродни фондови | Проектен тим од независното тело<br>Експерти | 2 месеци<br>01.07.2019<br>01.09.2019<br>континуирано до 2020 | Буџети на општините и регионалните центри<br>Буџети на владини институции |

| **Стратешка цел 3 – Подобрување на постоечката туристичка понуда и креирање нови продукти и содржини во руралните места** | | | |
|---|---|---|---|
| **Приоритет 3.1. Изработка на интегрирана понуда на туристичкиот потенцијал за развој на алтернативен (рурален) туризам во Југоисточниот регион од Република Македонија и Благоевградската област од Република Бугарија** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |
| Дефинирање/мапирање на постоечки објекти кои нудат услуги во областа на рурален туризам | Претставници од независното тело и плаформата, општините, регионалните центри | 2 месеци 01.09.2019 01.11.2019 | Буџети на независното тело и платформата Проекти |
| Категоризирање на постоечките туристички објекти | Експерти | 2 месеци 01.09.2019 01.11.2019 | Буџети на независното тело и платформата Проекти |
| Проширување на содржините кои се нудат во моментот во согласност со барањата на гостите, изработка на заедничка понуда | Претставници од независното тело и плаформата, општините, регионалните центри Експерти | 3 месеци 01.09.2019 01.12.2019 | Буџети на независното тело и платформата Проекти |
| Соработка со туристички агенции и тур оператори за дистрибуција на понудата и привлекување на туристи | Претставници од независното тело и плаформата, општините, регионалните центри | 1 месец 01.12.2019 01.01.2020 | Буџети на независното тело и платформата Проекти |

| **Стратешка цел 4 – Промоција на рурален туризам во пограничниот регион на Бугарија и Македонија** | | | |
|---|---|---|---|
| **Приоритет 4.1. Изработка на промотивни материјали заеднички за двата региони** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |
| Изработка на брошура со природните убавини | Претставници од независното тело Експерти | 1 месец 01.05.2019 01.06.2019 | Буџети на независното тело и платформата Проекти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| во руралните места во пограничниот регион | | | |
| Изработка на каталог со постоечките туристички капацитети во руралните места | Претставници од независното тело Експерти | 2 месеци 01.05.2019 01.07.2019 | Буџети на независното тело и платформата Проекти |
| Изработка на видео-промотивни материјали | Претставници од независното тело Експерти | 1 месец 01.05.2019 01.06.2019 | Буџети на независното тело и платформата Проекти |
| **Приоритет 4.2. Промоција на регионални настани и манифестации** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |
| Изработка на календар на културни манифестации во руралните места од пограничниот регион | Претставници од независното тело и плаформата, општините, регионалните центри | 2 месеци 01.06.2019 01.08.2019 | Буџети на независното тело и платформата Проекти |
| Промоција на календарот на културни манифестации, дистрибуција по електронски пат (web страна) и печатена форма | Претставници од независното тело и плаформата, општините, регионалните центри | 1 месец 01.08.2019 01.09.2019 | Буџети на независното тело и платформата Проекти |
| Избор, подготовка и организирање на еден регионален настан (заеднички за двата региони) | Претставници од независното тело и плаформата, општините, регионалните центри | 6 месеци 01.09.2019 01.02.2020 | Буџети на независното тело и платформата Проекти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 5 – Зголемување на интересот на бизнис секторот и населението од пограничниот регион за вклучување и инвестирање во развојот на руралниот туризам, како можност за идна егзистенција** | | | |
| **Приоритет 5.1. Кампања/едукација за подигање на јавната свест на бизнис секторот и населението во руралните места за придобивките од руралниот туризам** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Организирање на средби со населението и бизнис секторот за промоција на целите и активностите на платформата и независното тело за развој на рурален туризам во прекуграничниот регион на Бугарија и Македонија | Претставници од независното тело и плаформата, општините, регионалните центри | 2 месеци<br>01.01.2020<br>01.03.2020 | Буџети на независното тело и платформата<br>Проекти |
| Организирање на состаноци за можностите за развој и поддршка на иницијативи за рурален туризам, како и придобивките од истиот | Претставници од независното тело и плаформата, општините, регионалните центри | 2 месеци<br>01.01.2020<br>01.03.2020 | Буџети на независното тело и платформата<br>Проекти |
| Организирање работилници за сопствениците на туристички и угостителски објекти, како и физички лица кои имаат интерес да работат во оваа област | Претставници од независното тело и плаформата, општините, регионалните центри<br>Експерти | 3 месеци<br>01.03.2010<br>01.06.2020 | Буџети на независното тело и платформата<br>Буџети на владини институции<br>Проекти |
| Организирање на обуки за доквалификација и преквалификација на населението во руралните места | Претставници од независното тело и плаформата, општините, регионалните центри<br>Експерти | 3 месеци<br>01.06.2020<br>01.09.2020 | Буџети на независното тело и платформата<br>Буџети на владини институции<br>Проекти |
| **Приоритет 5.2. Поддршка/кофинансирање на иницијативи во областа на руралниот туризам** | | | |
| **Активности** | **Одговорни лица** | **Временски рок** | **Извори на финансирање** |
| Подготовка на концепти, иницијативи за рурален развој од страна на локалното население и бизнис секторот и достава до независното тело | Локални НВО и Експерти | 2 месеци<br>01.03.2020<br>01.05.2020 | / |
| Разгледување и избор на најдобрите иницијативи/концепти | Претставници од независното тело и плаформата | 1 месец<br>01.05.2020<br>01.06.2020 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кофинасирање на активности од избраните иницијативи/концепти | Претставници од независното тело и плаформата | Согласно динамиката на избраните иницијативи/концепти | Проекти од меѓународни фонови и владини институции |
| Мониторнг над изведувањето на предвидените активности | Претставници од независното тело и плаформата | Согласно динамиката на избраните иницијативи/концепти | / |
| Изработка на извештај за реализираните проекти/активности и придобивките од нив | Претставници од независното тело и плаформата Експерти | По завршување на проектните активности | Буџети на независното тело и платформата Буџети на владини институции Проекти |

PROMOIDEA
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

ASSOCIATION
SAVREMIE
www.savremie.org